Во соработка со Стручните соработници, наставниците во текот на учебната година континуирано ги следеа учениците и со помош на инструменти ги идентификуваа надарените ученици, го следеа индивидуалниот напредок, се спроведуваа техники и методи за подобрување на социо-емоционалниот развој и стекнување на здрави ментални потенцијали. Наставниците работеа со учениците на часовите по додатна настава и воннаставни активности, како и на подготовката за натпревари од конкретни наставни предмети и во зависност од интересот на учениците. Училиштето ги реализираше планираните активности во рамки на Програмата за работа со надарени и талентирани ученици.

**Работа со ученици со посебни образовни потреби**

Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на целото училиште и инклузивен тим за секој ученик кој што работи по индивидуален образовен план (ИОП) или по модифицирана наставна програма.

**Училишниот инклузивен тим** е составен од седум члена и тоа: Светлана Петровска- директор, Валентина Јовановска-психолог, Марија Костовска-дефектолог, Дијана Николовска-одделенски наставник, Лилјана Стефановска-предметен наставник, Александра Плавчова-родител и Валентина Анчева-родител. Тимот е со мандат од три учебни години и неговата задача е да ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.

**Инклузивниот тим за ученикот** е за период до завршување на основното образование на ученикот и е составен од: наставниците на ученикот, родителот односно старателот, педагогот, односно психологот, односно социјален работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор, образовен асистент и личен асистент. Задачата или неговата улога во фокусот на својата работа ги имаат конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивните индивидуални образовни планови

**Училишни програми и планови**

Инклузивниот тим подготви ИОП за секој ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби, во рок од 30 дена од денот на започнување на настава на ученикот во училиштето. Индивидуалниот образовен план вклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма,воведување специфични активности и наставни методи што ќе овозможат постигнување на резултатите од учењето.

Оваа учебна година се потврди тенденцијата на зголемување на бројот на ученици со посебни образовни потреби. Всушност станува збор за 10 ученици со посебни образовни потреби за кои наставниците изготви индивидуален образововен план или индивидуален пристап според кои се планираат цели и активности за секој ученик.

Тројца ученици- двајца ученици во трето и еден ученик во прво одд. согласно препораките и процената на МКФ следат настава со поддршка од образовни асистенти.

**Употреба на ИКТ во наставата**

Новите услови и потреби во општеството, како и претходните неопходни вештини согласно потребите за време на Ковид пандемијата која имаше најголема улога во усвојување со брзо темпо на ИТ вештини и интензивна употреба на ИКТ во усвојување на наставните содржини, истражувачки, проектни и други активности поврзани со воспитно-образовниот процес, кои вештини во континуитет продолжија да се негуваат и доусовршуваат и оваа учебна година.

**7. Проекти кои се реализираат во училиштето**

- Антикорупциска едукација на учениците, БРО
- Превенција од насилно однесување во училиштата, БРО
- Меѓуетничка интеграција во образобанието, стратегија на Општина Гази Баба
- Интеграција на еколошка едукација во образовниот систем, Општина Гази Баба
- Проект: Заедничка грижа за правилно насочување на учениците
- Проект „Биди ИН, биди Инклузивен, биди Инклудиран, “
- Проект – Здрава храна
- ПРОЕКТ „АКТИВИРАЈ СЕ НАВРЕМЕ“
- Проект: РЕДОВНО НА ЧАСОВИ-Акција за вклучување на Ромите во основното образование
- Спортски проекти, Националната федерација Спорт за сите, Агенцијата за млади и спорт на Македонија и Факултетот за физичка култура спорт и здравје
- Проект „ Инклузија на деца со посебни образовни потреби“, Фондација „Песталоци“ и Здружение за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“.
- Проект за развивање на социо - емоционални вештини,

- Etwinning проекти
- Еразмус проекти- Maths & Sports4all;  Learn GREEN – Outdoor STEM
- Проект„Ненасилно однесување во училиштето“
- Проект „Заедничка грижа и правилно насочување на учениците“
- Проект„ Отворено граѓанско образование“
- Проект „Инклузија на ученици со ПОП
- Проект МИО,, Градиме нови мостови,, ОБСЕ
- Проект “Здрава храна и добри навики  за среќни деца” општина Гази Баба
- Проект,,Безбедни во сообраќајот“
- Проект,,О отпад”

**ИНклузивенИНклудиран**

## 8. Оценување

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигањата на учениците се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Оценувањето на постигнатиот успех на учениците во текот на првото полугодие од учебната 2022/23 год. се реализира на следниов начин:

Прво тромесечие
- Описно оценување за учениците од I до VI одд.
- Бројчано оценување за учениците од VII до IX одд.

Крај на прво полугодие
- Описно оценување за учениците од I, II, III, IV, V, VI одд.
- Бројчано оценување за учениците VII, VIII и  IX одд.

Трето тримесечие
- Описно оценување за учениците од I до VI одд.
- Бројчано оценување за учениците од VII до IX одд.

Крај на учебна година
- Описно оценување за учениците од I до III одд.
- Бројчано оценување за учениците од iV до IX одд.

Оценувањето на учениците за првото и третото тромесечие, како и за првото полугодие беше евидентирано во евидентните листови, дневникот за работа на паралелката и е-дневникот, а воедно се организираа и родителски средби За успехот и поведението на учениците родителите можеа да се информираат преку родителски средби. Секој родител беше известен за успехот и напредокот на своето дете и беа споделени евидентните листови.
На крајот на учебната година на учениците им се издадоа Свидетелства за постигнатиот успех со додаток за учество во воннаставни активности согласно концептот за Воннаставни активности.

Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото. Усното проверување се спроведува континуирано во текот на учебната година, следејќи ги критериумите за оценување од БРО и Етичкиот кодекс на оценување во училиштето. Писменото проверување се спроведува континуирано во текот на учебната година според наставниот план и програма, а во врска со оптеретеноста на учениците за дневно или неделно писмено проверување. Различни наставници применуваа различни техники за оценување, зависно од применливоста во наставниот предмет, како и обемноста на содржината што се следи и оценува согласно новите Концепти и начинот на реализација на наставата.

**Извештај за редовноста и поведението на учениците по паралелки и одделенија во учебната 2022/23 год.**

| Одделение / паралелка | Број на ученици | | | ученици со слаби оценки | Ученици со слаб успех и со др. проблеми | Изостаноци | | | Поведение | | | Педагошки мерки | Неоценети |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | се | | | Оправдани | Неоправдани | вкупно | Примерно | Добро | Незадоволително | | |
| I-а | 15 | 11 | 26 | | 1 | 618 | 0 | 618 | 26 | | | | 0 |
| I-б | 10 | 13 | 23 | | 0 | 0 | 0 | 0 | 21 | | | | 2 |
| **I-те** | **25** | **24** | **49** | | **1** | **618** | **0** | **618** | **47** | | | **0** | **2** |
| II-а | 12 | 10 | 22 | | 4 | 968 | 0 | 968 | 21 | | | | 1 |
| II-б | 12 | 11 | 23 | | 4 | 872 | 0 | 872 | 21 | | | | 2 |
| II-в | 13 | 10 | 23 | | 3 | 608 | 0 | 608 | 20 | | | | 3 |
| **II-те** | **37** | **31** | **68** | | **11** | **2448** | **0** | **2448** | **62** | **0** | **0** | **0** | **6** |
| III-а | 12 | 14 | 26 | | 4 | 0 | 0 | 0 | 25 | | | | 1 |
| III-б | 10 | 12 | 22 | | 2 | 176 | 0 | 176 | 19 | | | | 3 |
| III-в | 13 | 14 | 27 | | 5 | 164 | 0 | 164 | 27 | | | | |
| **III-те** | **35** | **40** | **75** | | **11** | **340** | **0** | **340** | **71** | | | **0** | **4** |
| IV-а | 13 | 13 | 26 | | 4 | 613 | 0 | 613 | 25 | | | | 1 |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| IV-б | 15 | 8 | 23 | | 3 | 616 | 0 | 616 | 22 | | | | 1 |
| **IV-те** | **28** | **21** | **49** | **0** | **7** | **1229** | **0** | **1229** | **47** | | | **0** | **2** |
| V-а | 14 | 9 | 23 | | 1 | 75 | 3 | 78 | 20 | | | | 3 |
| V-б | 13 | 8 | 21 | | 5 | 530 | 0 | 530 | 21 | | | | |
| V-в | 11 | 9 | 20 | | 0 | 69 | 0 | 69 | 20 | | | | |
| **V-те** | **38** | **26** | **64** | **0** | **6** | **674** | **3** | **677** | **61** | | | **0** | **3** |
| **I-V** | **163** | **142** | **305** | **0** | **36** | **5309** | **3** | **5312** | **288** | | | **0** | **17** |
| VI-а | 7 | 15 | 22 | | 1 | 55 | 18 | 73 | 22 | | | | |
| VI-б | 13 | 15 | 28 | | 0 | 68 | 22 | 90 | 28 | | | | |
| **VI-те** | **20** | **30** | **50** | **0** | **1** | **123** | **40** | **163** | **50** | | | **0** | **0** |
| VII-а | 9 | 13 | 22 | | 0 | 562 | 26 | 588 | 22 | | | | |
| VII-б | 10 | 11 | 21 | | 5 | 552 | 0 | 552 | 21 | | | | |
| VII-в | 10 | 11 | 21 | | 2 | 512 | 49 | 561 | 20 | | | | 1 |
| **VII-те** | **29** | **35** | **64** | **0** | **7** | **1626** | **75** | **1701** | **63** | | | **0** | **1** |
| VIII-а | 11 | 13 | 24 | | 4 | 684 | 19 | 703 | 24 | | | | |
| VIII-б | 11 | 5 | 16 | | 3 | 172 | 41 | 213 | 15 | | | | 1 |
| **VIII-те** | **22** | **18** | **40** | **0** | **7** | **856** | **60** | **916** | **39** | | | **0** | **1** |
| IX-а | 11 | 11 | 22 | | 0 | 93 | 35 | 128 | 22 | | | | |
| IX-б | 10 | 15 | 25 | | 0 | 148 | 57 | 205 | 23 | 2 | | 2 | |
| **IX-те** | **21** | **26** | **47** | **0** | **0** | **241** | **92** | **333** | **45** | **2** | | **2** | **0** |
| **VI-IX** | **92** | **109** | **201** | **0** | **15** | **2846** | **267** | **3113** | **197** | **2** | | **2** | **2** |
| **I- IX** | **255** | **251** | **506** | **0** | **51** | **8155** | **270** | **8425** | **485** | **2** | | **2** | **19** |

# П Р Е Г Л Е Д

на општиот успех на учениците по наставни јазици на крајот од учебната 2022/2023 година

Наставен јазик: Македонски

| одде ление | Вкупно ученици | | | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | Вкупно со позит.успех | | Со 1 слаба | | Со 2 слаби | | Со 3 и пов. слаби | | вк.со слаби | описно Оце нети | **среден** успех | Нео це нети | вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Се | м | ж | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | % | бр. | бр. | | бр. | бр. |
| I | 47 | 24 | 23 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 47 | | 2 | 49 |
| II | 62 | 34 | 28 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 62 | | 6 | 68 |
| III | 71 | 33 | 38 | | | | | | | | | | | | | | | | | | 71 | | 4 | 75 |
| IV | 46 | 25 | 21 | 31 | 67.39 | 8 | 17.39 | 4 | 8.70 | 3 | 6.5 | **46** | 100 | | | | | | | | 1 | **4.46** | 2 | 49 |
| V | 61 | 36 | 25 | 33 | 54.10 | 13 | 21.31 | 14 | 22.95 | 1 | 1.6 | **61** | 100 | | | | | | | | | **4.28** | 3 | 64 |
| **I – V** | **287** | **152** | **135** | **64** | **59.81** | **21** | **19.63** | **18** | **16.82** | **4** | **3.7** | **107** | **100** | | | | | | | | **181** | **4.36** | **17** | **305** |
| VI | 50 | 20 | 30 | 22 | 44.0 | 18 | 36.00 | 4 | 8.00 | 6 | 12.0 | **50** | 100 | | | | | | | | | **4.12** | 0 | 50 |
| VII | 63 | 29 | 34 | 25 | 39.68 | 19 | 30.16 | 12 | 19.05 | 7 | 11.1 | **63** | 100 | | | | | | | | | **3.98** | 1 | 64 |
| VIII | 39 | 21 | 18 | 22 | 56.41 | 5 | 12.82 | 5 | 12.82 | 7 | 17.95 | **39** | 100 | | | | | | | | | **4.08** | 1 | 40 |
| IX | 47 | 21 | 26 | 27 | 57.45 | 6 | 12.77 | 4 | 8.51 | 10 | 21.28 | **47** | 100 | | | | | | | | | **4.06** | | 47 |
| **VI-IX** | **199** | **91** | **108** | **96** | **48.24** | **48** | **24.12** | **25** | **12.56** | **30** | ***15.1*** | **199** | **100** | | | | | | | | | **4.06** | 2 | 201 |
| **I -IX** | ***486*** | ***243*** | ***243*** | ***160*** | ***52.29*** | ***69*** | ***22.55*** | ***43*** | ***14.05*** | ***34*** | ***11.1*** | ***306*** | ***100*** | | | | | | | | ***181*** | ***4.16*** | ***19*** | ***506*** |
| **IV - IX** | **306** | **152** | **154** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **IV-V** | **107** | **61** | **46** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Среден успех од VII - IX одделение: 4,16**

**П Р Е Г Л Е Д**

**На успехот по предмети по паралелки и одделенија во учебната 2022/23 година**

| | **Наставни предмети** **Задолжителни предмети** | **4** | **5** | **4-5** | **6** | **7** | **8** | **9** | 6-9 | **4-9** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Македонски јазик | 4.13 | 3.82 | 3.95 | **3.68** | **3.79** | **3.69** | **3.74** | **3.73** | **3.81** |
| 2 | Математика | 4.04 | 3.77 | 3.89 | **4.54** | **3.67** | **3.64** | **3.77** | **3.90** | **3.90** |
| 3 | Англиски јазик | 4.04 | 3.82 | 3.92 | **3.62** | **3.70** | **3.67** | **3.94** | **3.73** | **3.79** |
| 4 | Француски јазик | | | | **4.04** | **4.16** | **4.00** | **4.09** | **4.08** | **4.08** |
| 5 | Ликовно образование | 4.70 | 4.64 | 4.66 | **4.28** | **4.27** | **3.85** | **3.96** | **4.12** | **4.31** |
| 6 | Мизичко оброзование | 4.57 | 4.52 | 4.54 | **4.52** | **4.43** | **4.18** | **4.15** | **4.34** | **4.41** |
| 7 | Природни науки | 4.04 | 3.77 | 3.89 | **4.10** | | | | **4.10** | **3.96** |
| 8 | Техничко образование | 4.54 | 4.56 | 4.55 | **4.70** | | | | **4.70** | **4.60** |
| 9 | Историја и Општество | 4.09 | 3.67 | 3.85 | | | | | | **3.85** |
| 10 | Информатика | | | | **3.70** | **3.46** | | | **3.57** | **3.57** |
| 11 | Географија | | | | **3.60** | **3.67** | **3.90** | **3.64** | **3.69** | **3.69** |
| 12 | Историја | | | | **3.94** | **3.79** | **3.95** | **3.96** | **3.90** | **3.90** |
| 13 | Етика | | | | | **4.11** | | | **4.11** | **4.11** |
| 14 | Граѓанско образование | | | | | | **4.08** | **3.87** | **3.97** | **3.97** |
| 15 | Биологија | | | | | **3.81** | **3.87** | **3.94** | **3.87** | **3.87** |
| 16 | Физика | | | | | | **4.18** | **4.21** | **4.20** | **4.20** |
| 17 | Хемија | | | | | | **3.72** | **3.91** | **3.83** | **3.83** |
| 18 | Иновации | | | | | | | **4.38** | **4.38** | **4.38** |
| 19 | Физичко образование | 4.83 | 4.90 | 4.87 | **4.86** | **4.68** | **4.56** | **4.55** | **4.67** | **4.74** |
| | **Изборни предмети** | | | | | | | | | |
| 20 | Цртање,сликање,вајарство | 4.78 | | 4.78 | | | | | | **4.78** |
| 21 | Оригами | 4.78 | | 4.78 | | | | | | **4.78** |
| 22 | Театарски работилници | | 4.59 | 4.59 | | | | | | **4.59** |
| 23 | Разрешување конфликти | | 4.59 | 4.59 | | | | | | **4.59** |
| 24 | Класична култура во европската цивилизација | | | | **4.91** | | | | **4.91** | **4.91** |
| 25 | Запознавање со религии | | | | **3.83** | | | | **3.83** | **3.83** |
| 26 | Вештини на живеење | | | | | **4.75** | | | **4.75** | **4.75** |
| 27 | Нашата татковина | | | | | | **4.33** | | **4.33** | **4.33** |
| 28 | Проекти од муз.умет. | | | | | | | **4.43** | **4.43** | **4.43** |
| | **вкупно оценки по предмети** | **4.41** | **4.24** | **4.32** | **4.16** | **4.02** | **3.97** | **4.02** | **4.04** | **4.16** |

**Извештај за успехот на учениците по пол и етнички состав во Учебната 2022/2023 година**

**1. Број на ученици по пол и национален состав: Од IV - IX одделение**

| националност | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Албанци | | | Власи | | | Бошњаци-хрват | | | турци | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| пол | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| Ученици | 122 | 126 | 248 | 28 | 26 | 54 | 1 | 0 | 1 | 4 | 3 | 7 | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 2 | 158 | 156 | 314 |
| Процент | | | 79 | | | 17.2 | | | | | | 2.2 | | | 0.3 | | | 0.3 | | | 0.64 | | | 100 |

| Успех | 2. Општ успех по пол и национален состав во одделението: | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | процент % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Албанци | | | Власи | | | Бошњаци-хрват | | | турци | | | Вкупно | | | |
| | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | |
| Одлични | 72 | 86 | 158 | | | | 1 | | 1 | | | | | 1 | 1 | | | | | | | 73 | 87 | 160 | 52.29 |
| Многу добри | 31 | 28 | 59 | 2 | 4 | 6 | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | | 1 | 2 | | 2 | 37 | 32 | 69 | 22.55 |
| Добри | 16 | 7 | 23 | 10 | 8 | 18 | | | | 1 | 1 | 2 | | | | | | | | | | 27 | 16 | 43 | 14.05 |
| Доволни | 3 | 5 | 8 | 11 | 11 | 22 | | | | 2 | 2 | 4 | | | | | | | | | | 16 | 18 | 34 | 11.11 |
| вк.со позитивни о. | 122 | 126 | 248 | 23 | 23 | 46 | 1 | | 1 | 4 | 3 | 7 | | 1 | 1 | 1 | | 1 | 2 | | 2 | 153 | 153 | 306 | 100 |
| со 1 слаба | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| со 2 слаби | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 3 иповеќе слаби | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вк. со слаби о. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО:** | **122** | **126** | **248** | **23** | **23** | **46** | **1** | | **1** | **4** | **3** | **7** | | **1** | **1** | **1** | | **1** | **2** | | **2** | **153** | **153** | **306** | 100 |
| **среден успех** | **4.41** | **4.55** | **4.48** | **2.61** | **2.70** | **2.7** | **5.0** | | **5.0** | **2.8** | **2.3** | **2.6** | | **5.0** | **5.0** | **4.0** | | **4.0** | **4.0** | | **4.0** | **4.09** | **4.23** | **4.16** | |
| неоценети | | | | 5 | 3 | 8 | | | | | | | | | | | | | | | | 5 | 3 | 8 | |
| ВКУПНО: | | | | 28 | 26 | 54 | | | | | | | | | | | | | | | | 158 | 156 | 314 | |

**Среден успех во IV - IX одделение: 4,16**

## П Р Е Г Л Е Д
**на поведението на учениците на крајот**
**на учебната 2022/2023 година**

| Одделение | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX | Се |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 47 | 62 | 71 | 47 | 61 | 50 | 63 | 39 | 45 | 485 |
| Добро | | | | | | | | | 2 | 2 |
| Незадоволително | | | | | | | | | | |
| Неоценети | 2 | 6 | 4 | 2 | 3 | | 1 | 1 | | 19 |

## П Р Е Г Л Е Д
**На изостаноците во учебната 2022/23 година**

| **одд.**<br>**вид** | **I** | **II** | **III** | **IV** | **V** | **I-V** | **VI** | **VII** | **VIII** | **IX** | **VI-IX** | **I-IX** | **просек по ученик** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| оправдани | 618 | 2448 | 340 | 1229 | 674 | **5309** | 123 | 1626 | 856 | 241 | **2846** | **8155** | **16.75** |
| неоправдани | | 0 | | 0 | 3 | **3** | 40 | 75 | 60 | 92 | **267** | **270** | **0.55** |
| **вкупно** | **618** | **2448** | **340** | **1229** | **677** | **5312** | **163** | **1701** | **916** | **333** | **3113** | **8425** | **17.30** |
| ученици | 47 | 62 | 71 | 47 | 61 | **288** | 50 | 63 | 39 | 47 | **199** | **487** | |
| просек по ученик | 13.15 | 39.48 | 4.79 | 26.15 | 11.10 | **18.44** | 3.26 | 27.00 | 23.49 | 7.09 | **15.64** | **17.30** | |

**Тимот за следење анализа и поддршка**
- Стручната служба (директор, педагог, социолог, психолог и дефектолог)
- Двајца предметни наставници ( Маја Давидовска Бошевска и Сања Пецевски)
- Двајца одделенски наставници (Виолета Силјановска и Оливера Филиповска)

Тимот за подршка работеше според програма која содржи активности насочени кон поддршка на учениците во постигање на подобри резултати, поддршка на наставниците за постигнување на повисоки резултати во работењето и на оние кои се соочуваат со одредени проблеми во работата.
Во текот на учебната година, тимот прави анализа на состојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, во тој контекст изготвен е извештај за постигањата на учениците во учебната 2022/2023 година.

## 10. Ученичко организирање и учество

Ученичкото организирање и учество има посебно лично и општествено значење бидејќи е најдобро средство преку кое учениците можат да учат како да застанат во одбрана на своите и правата на другите, како да влијаат врз процесите на одлучување и како се учествува демократски во животот на училиштето и на заедницата. Организирањето во заедница на паралелката, ученичкиот парламент, како и секоја друга форма на ученичко организирање во училиштето, е според изготвен годишен план за работа со акциски план на активности поради подобра организација на работата и поради евидентирање на активностите. Овој план овозможува полесна и поефикасна реализација и организирање на сите активности. Акцискиот план се составува на почетокот на учебната година и се однесува на активностите во текот на учебната година и преку нив на учениците им се дава вистинска можност да влијаат врз донесувањето на одлуки за прашања што се од интерес за нивниот живот во училиштето и надвор од него.

Изборот за претседател на ученичкиот парламент беше прва точка на конститутивната седница на ученичкиот парламент, донесе правилник за работа на ученичките заедници и ученичкиот парламент, учество во сите структури на училишно раководење, работилница „ Здравје во училишен контекст“, подигнување на свеста за одговорно и активно учество во училишниот живот, промовирање ученички активизам, ученички иницијативи, дебата за квалитетот на училишната работа, разгледување на успехот и редовноста на учениците во наставата по квартали.

Претседателство на Ученичкиот парламент во учебната 2022/2023 година:

Претседател на ученички прламент: Марта Ацевска  9б одделение

Заменик Претседател на Ученичкиот парламент беше Михаил Гиовски од 9а одделение

Ученички Правобранител: Ема Стоилковска од 9б одделение

Ученички правобранител е ученичка функција и должност која претставува нов модел на ученичко учество, доста значаен за заштита и унапредување на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е составена од две примарни компоненти:

Промовирање на детските права.

Поддршка за заштита на детските права.

## 11. Воннаставни активности

### Училиштни спортски клубови

Училишниот спортски клуб „Наум Наумовски - Борче 2014“ – Скопје е основан на 11.11.2014 година. Одговорни наставници се Дејан Боневски и Александра Војнеска Зикова. Активностите на училишниот спортски клуб се одвиваат во периодот од септември до мај во спортовите: одбојка, фудбал, кошарка, ракомет и атлетика и се вклучени ученици од VI до IX одделение, а за шах се вклучени ученици од I - IX одделение. Финасирањето на училишниот спортски клуб согласно Законот за основно образование член 34 - а може да биде од доброволни прилози, донации, подароци, завештанија и легати. Истотака училишниот спортски клуб може да добива средства и од буџетите на општина Гази Баба. Активностите училишниот спортски клуб и нивната реализација ќе бидат следени и евалуирани од тим од Федерација на училишен спорт на Македонија.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА УЧЕНИЦИ ОД ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ“ НА ОПШТИНСКИ,ЗОНСКИ И ДРЖАВНИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ И ПРОЕКТИ ВО УЧЕБНАТА 2022-2023 ГОДИНА**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ“ НА ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ**

- На ден 30 септември 2022 година во Спортско - рекреативниот центар Хиподром се оддржа есенски крос во кои учествуваа повеќе од 300 ученици од општинските основни училишта во Гази Баба. Со овој крос се започнаа спортските активности кои се организираат од  страна на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба за учебна 2022/2023 година. На овој настан зеде учество и нашето училиште на кои беа постигнати следните резултати:

550 метри (женски) VII одделение - 2 место Вероника Пислевска

650 метри (женски) VIII одделение - 3 место Ивона Блажевска

- Во периодот од почетокот на октомври до крај на месец мај  во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓучилишни натпревари по Бергеров систем во лига Футсал - машки,  на кој зеде учество и нашето училиште.
- Во периодот од почетокот на октомври до крај на месец мај  во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига Кошарка - машки,  на кој зеде учество и нашето училиште .
- Во периодот од почетокот на октомври до крај на месец мај  во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со Општина Гази Баба континуирано се одиграа општински меѓуучилишни натпревари по Бергеров систем во лига Одбојка - женски,  на кој зеде учество и нашето училиште.
- На ден 18.11.2022 год. во организација на ОСУС Гази Баба во соработка со СУС Скопски регион и ФУСМ се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во Футсал - девојчиња,  на кој зеде учество и нашето училиште.

- На ден  понеделник 21.11.2022  во Скопскиот регион - зона Исток во  спортската салата "Методија Андонов Ченто "- општина Гази Баба се одиграа општински училишни квалификациски натпревари во Кошарка - девојчиња,  на кој зеде учество и нашето училиште и го освои III место и стекна учество на зонско натпреварување.
- На ден 05.12.2022 година во рамките на меѓуучилишните натпревари, во просториите на  ООУ ,,Наум Наумовски - Борче" се одржа општински турнир во шах каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција. На овој турнир зеде учество и нашето училиште на кои беа постигнати следните резултати:

Женски: 1 место - Мила Петковска; 2 место - Ана Марија Марковска; 3 место - Мила Саздовска

Машки: 3 место - Давид Маневски

- На ден 12.04.2023 година во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК се организираа натпревари во одбојка - девојчиња за 6 и 7 одделение. На овој турнир зеде учество и нашето училиште.
- На ден 13.04.2023 година во спортската сала Методија Андонов - Ченто, во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и ФУСМАК се организираа натпревари во футсал - машки за 6 и 7 одделение. На овој турнир зеде учество и нашето училиште.
- На ден 30.05.2023 година во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба, во спортската сала при ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци се организираше општински турнир во пинг понг каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција. На овој турнир зеде учество и нашето училиште.
- На ден 01.06.2023 година во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба, на тенискиот терен во ООУ "Григор Прличев"  се организираше општински турнир во тенис каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција. На овој настан зеде учество и нашето училиште. Ученичката  Мила Велковска во женска конкуренција го освои 3 место.
- На ден 01.06.2023 година во организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба во ООУ "Наум Наумовски - Борче" се организираше општинско првенство во шах за учениците од I до V одделение каде учениците се натпреваруваа во машка и женска конкуренција. На овој настан зеде учество и нашето училиште на кои беа постигнати следните резултати:

Женска конкуренција:

1 место- Јовановска Матеја

2 место - Гиевска Мила

3 место - Денковска Дафина

3 место - Цветковска Уна

Машка конкуренција:

1 место - Денковски Огнен

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ“ НА ЗОНСКИ И РЕГИОНАЛНИ НАТПРЕВАРИ

- На ден понеделник 28.11.2022 година во Скопскиот регион - зона Исток во спортската салата "Методија Андонов Ченто "- општина Гази Баба се одржаа зонски натпревари во Кошарка - девојчиња, на кој зеде учество и нашето училиште и го освои III место.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ“НА ДРЖАВНИ ПРВЕНСТВА

На ден 09.12.2022 година во Јахја Кемал се организираше Државното првенство во Шах за основни и средни училишта. Ова државно првенство се организираше под раководство на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Шаховската федерација каде нашето училиште ООУ„Наум Наумовски Борче“ зеде учество и ученикот Петровски Никола го освои I место во категорија од I до V одделение.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ПРОЕКТИ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ НА ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ – БОРЧЕ“

- Во периодот од месец ноември до крајот на месец мај во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Фудбалската Федерација на Македонија, учениците од II до V одделение под раководство на наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Боневски беа вклучени во проектот „ФУДБАЛ ВО УЧИЛИШТЕ“ .
- На ден 20.09.2022 год.(вторник ) во спортската сала Методија Андонов Ченто при "ООУ Наум Наумовски - Борче" учениците од IIIв одделение преку спортска активност ја обележаа Европската недела на мобилност во организација на Агенција за млади и спорт, Федерација на училишен спорт на Македонија и општина Гази Баба.
- На ден 23.09.2022год.(петок) ученици од VIIIа и VIIIб од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку низа активности ја обележаа Европската недела на спортот.
- На ден 20.10.2022год.(четврток) ученици од VII одделение од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку низа спортски активности ја обележаа „Неделата на движење“.
- На ден 27.10.2022год.(четврток) ученици од VIIа одделение од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба со преку штафетни игри ја одбележаа „Неделата на родова еднаквост“.

- На ден 14.11.2022год.(понеделник) ученици од VIIIа одделение од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку пешачење во Парк шумата Гази Баба и активности на спортски справи ја одбележаа „Неделата на активности во природа“.

- На ден 25.11. 2022 година во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба во соработка со планинарскиот клуб I love hiking - group Macedonia, се организираше еднодневна планинска и едукативна тура на Скопска Црна Гора.

Учениците имаа можност да уживаат во природната убавина и можност за планинарење на патеката Раштак - Сарачево - Јанков Камен која е една од многуте планински патеки кои ги нуди Скопска Црна Гора. На овој настан зеде учество и нашето училиште.

- На ден 12.12.2022 година по повод ,,Месец на лицата со попреченост - спорт без пречки,, учениците од ООУ ,,Наум Наумовски-Борче,, реализираа спортски активности - полигон.

- На ден 22.12.2022год. ученици од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку штафетни игри и полигони ја реализираа активноста ,,Игри без граници,,.

- На ден 11.04.2023год. ученици од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку спортски игри ја реализираа активноста по повод ,,Меѓународниот ден на спортот“ и ,,Меѓународниот ден на здравјето“.

- На ден 27.04.2023 година во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Општина Гази Баба во спортска сала при ООУ ,,Вера Јоциќ"се организираа меморијални спортски активности за учениците од 3-то одделение во одделенска настава под мотото ,,Играме од срце за Алек" каде учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба. На овој настан зеде учество и нашето училиште.

- На ден 25.05.2023год. ученици од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку играње на фудбал помеѓу машки и женски ја реализираа активноста по повод ,,Недела на родова еднаквост,, и ,,Поддршка на жената во спортот,,.

- На ден 31.05.2023 год. ученици од ООУ ,,Наум Наумовски - Борче - Гази Баба преку предавање за штетните последици од пушењето и спортски активности на справи за вежбање ја реализираа активноста по повод ,,Ден на борба против пушењето,, и ,,Движи се за здравје,,.

- На ден 06.06.2023 година во организација на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Општина Гази Баба во новата училишна спортска сала ,,Бобан Ивановиќ" во склоп на ООУ ,,Кирил и Методиј"- Стајковци се организираа спортски активности за учениците од 4-то одделение во одделенска настава под мотото ,,Кошарката моја игра" каде учество земаа ученици од сите основни училишта од Општина Гази Баба. Целта на оваа активност е промоција на кошарката како спорт и вклучување на учениците од најмала возраст во спортските натпревари. На овој настан зеде учество и нашето училиште.

**Одговорни наставници по физичко и здравствено образование: Дејан Боневски Александра Војнеска Зикова, Моника Гавриловска**

**Секции/Клубови**

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година. Секција се формира за потребите на група ученици кои споделуваат заеднички интерес. Секциите ги водат наставници кои се одговорни за нивната реализација, а по потреба во работата на секцијата може да се вклучат и други наставници, родители (во улога на помошници или носители за активностите) или волонтери од заедницата.

Функционирањето на секциите/клубовите во училиштето ќе ја поттикнува и негува детската љубопитност и нивните сознајни способности, ќе овозможи доследност, истрајност и самостојност во извршување на задачите и мотивираност да се афирмираат себеси. Планирањето и реализацијата на секциите/клубовите се реализираат според насоките дадени во Концепцијата за воннаставни активности.

Во училиштето функционираат следниве секции: кошарка, фудбал, хор, оркестар, драмска и литературна секција, информатичка-клуб за кодирање, биолошка, еколошка, музичка, ликовна, историска,граѓанско образование, географска, млади физичари, млади библиотекари, сообраќајна, современ балет, ритмичко-рецитаторска, математичка, шаховска и секција по странските јазици кои работат според програми за работа.

Одговорниот наставник го планира и начинот на континуирано следење на учениците-учесници во секцијата. За време на реализацијата на секцијата наставникот: ја следи и ја бележи редовноста на секој вклучен ученик; ја следи ангажираноста на секој вклучен ученик за време на активностите; и го следи и го вреднува напредокот на секој вклучен ученик во стекнувањето на знаењата, вештините и вредностите/ставовите зацртани со целите на секцијата.

**Извештај од работата на хорот и оркестарот :**

Во рамките на ,,Месецот на книгата" (15 Октомври-15 Ноември) училишната библиотека реализираше низа активности со цел учениците да ја засакаат книгата, постојано да се буди интересот за пишаниот збор, да се поттикнува и негува читачката култура.

На завршниот настан кој се одржа на 15.11.2022 година голем придонес за успешна реализација и збогатување на приредбата дадоа и учениците од хорот и оркестарот и солистот на блок флејта Марта Ацевска со композицијата „Титаник“. Хорот настапи со песните „Бушава азбука“ и „За сите нас“, а оркестарот со композицијата „Анушка“.

Одговорен наставник:
Весна Трајковска

**Извештај за реализацијата на Отворениот ден по граѓанско образование**

**во учебната 2022/2023 година**

Согласно Годишната програма за работа на ООУ„Наум Наумовски-Борче“ Гази Баба- Скопје, и Програмата за Отворен ден по граѓанско образование, учениците од IX-то одделение на 29.05.2023 година, со почеток во 10.00 часот организираа Отворен ден на кој ги презентираа стекнатите знаења и вештини од наставните содржини по предметот граѓанско образование.

Настанот се реализираше во кабинетот по граѓанско образование од учениците од IX-то одделение.

Учениците спроведоа низа активности низ кои ги искажаа своите ставови, интереси, вредности и иницијативи за практикување на граѓанско одговорно однесување.

За таа цел се спроведе акцискиот план за реализирање на Отворениот ден по граѓанско образование:

- Работилница со учениците од 9 а одд. и презентација на „Ученичко учество и ученичко организирање“;
- Презентација на учениците од 9 б одд. за „Активната улога и преземање акција на учениците во ООУ„Наум Наумовски-Борче“;
- Се спроведе хуманитарна акција под мотото „Подај рака за Никола“ со учениците од 1-9 одд.
- Се реализираше функционално уредување на училишниот двор со едукативни интерактивни игри со учениците од 8 одд.
- Се реализираше еколошката акција „Засади цвет за поубав свет“ со учениците од 1-9 одд.
- Се уреди училишниот простор со етички пораки со учениците од 7 одд.
- Се одржа новогодишен хепенинг за собрање средства и изградба на летниковец- надворешна училница со учениците од 1-9 одд.

Отворениот ден за граѓанско образование беше промовиран на веб страната, фејбук страната на училиштето, соопштение на огласна табла, соопштение до учениците и соопштение за родителите.

На отворениот ден по граѓанско образование носители на активностите беа учениците од IX-то одделение, на истиот присуствуваа ученици, наставници, стручни соработници, родители и директорката Светлана Петровска.

Одговорен наставник: Лилјана Стефановска

## Извештај од реализацијата на програмата за антикорупциска едукација на учениците во учебната 2022/2023 година

Согласно Годишната програма за работа на ООУ„Наум Наумовски-Борче“ Гази Баба- Скопје, и Програмата за антикорупциска едукација на учениците се реализираа низа активности во второто полугодие во учебната 2022/2023 година.

Целите на програмата во целост се постигнати, учениците се запознаа со корупцијата како штетна општествена појава која ги нарушува темелните демократски вредности, односно ги загрозува човековите права, стабилноста и напредокот на државата.

За постигнување на целите се реализираа активностите согласно акцискиот план за антикорупциска едукација на учениците:

- На 07.02.2023 година, се спроведе анкетен прашалник за испитување на предзнаењата за корупција на учениците од VII одделение.
- На 24.02.2023 година, се одржа работилница за формите на корупција и причини за нејзино појавување со учениците од VIII одделение.
- На 03.03.2023 година, се одржа работилница „Борба против корупцијата“ со учениците од IX одделение.
- На 17.03.2023 година, се одржа работилница „Механизми за спречување на корупција“ со учениците од VII одделение.
- На 24.03.2023 година, во активната борба против корупцијата се изработија постери и пораки против корупција со учениците од VII одделение.
- На 07.04.2023 година, се одржа работилница за „Причини и последици од корупцијата“ со учениците од IX одделение.
- На 05.05.2023 година, се одржа работилница за борба против корупција со игра на улоги со учениците од IX одделение.
- Во текот на месец мај во рамките на ОВЖ на одделенскиот час се одржаа работилници „Моите одговорности и преземање одговорност за постапките„ со учениците од VII, VIII и IX одделение.
- Во текот на месец јуни се спроведе анкетен прашалник за испитување на стекнатите знаења на учениците за корупција и антикорупција.

- Во текот на месец мај беше спроведен ликовен и литературен конкурс на тема „Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата“. Наградени ученици на ликовниот конкурс се: Ива Стефановска X а - I место, Андреа Веселиновска X а- II место, Зоран Петковски X а - III место. Наградени ученици на литературниот конкурс се: Моника Трајановска VIII а- I место, Тамара Зафировска VIII а - II место, Марија Митковска VIII а - III место одд.

  Во реализација на програмата за антикорупциска едукација на учениците учествуваа: Лилјана Стефановска- наставник по граѓанско образование, Валентина Јовановска- стручен соработник, Никола Наневски- наставник по ликовно образование, Сања Пецевски- наставник по македонски јазик, Соња Златевска- наставник по македонски јазик и одделенските раководители на VII, VIII и IX

Одговорен наставник: Лилјана Стефановска

**Акции/Краткотрајни воннаставни активности**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА МАТЕМАТИЧКИ ХЕПЕНИНГ**

„ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА БРОЈОТ ПИ“

14 Март – Денот на бројот Пи е ден кога математичарите ширум светот ја одбележуваат важноста и значењето на најпознатата математичка константа. Овој датум е директно поврзан со бројот, чии први цифри се 3,14.

Математичката константа Пи е ирационален реален број , кој го претставува односот на периметарот на една кружница со нејзиниот дијаметар во Евклидовата геометрија . Бројот Пи има широка употреба во математиката, физиката и инженерството, но се употребува и во други науки. Бројот Пи исто така е познат и како Архимедова константа и Лудолфов број.

По тој повод, во нашето училиште се реализираа низа активности , под менторство на наставниците по математика Маја Давидовска – Бошевска и Билјана Велјаноска, преку изработка и презентирање на креативни постери и цртежи од областа на геометријата, еколошки проективни активности, организирање на математички квиз со учениците од предметна настава, со натпреварувачки карактер и презентација на интересни факти и шеги поврзани со оваа математичка константа.

Настанот помина во прекрасна атмосфера и предизвика позитивни реакции и емоции, и кај учениците кои учествуваа и кај оние што го следеа. Сите ученици кои беа вклучени во реализацијата на овој настан беа пофалени од страна на директорката на нашето училиште.

На крајот секако, симболично го прославивме и роденденот на еден од најпознатите математичари на сите времиња, Алберт Ајнштајн со прекрасно подготвени слатки задоволства од страна на учениците.

Одговорни наставници:Маја Давидовска – Бошевска, Билјана Велјаноска, Валентина Коруноска

**Извештај од воннаставна активност по музичко образование:**

**„Јас имам талент / Покажи што знаеш“**

На ден 25.12.2022 година, во рамките на проектните активности по предметот Проекти од музичката уметност, се одржа манифестацијата „Јас имам талент“ (осум години по ред). Целта на манифестацијата е учениците да ги покажат своите способности согласно индивидуалните афинитети и интереси, определба и сензибилитет во пеење, свирење, танцување. Раното откривање на талентираните ученици преку непосредни контакти и аудиции, овозможува поттикнување на нивниот развојот и овозможува надарените / талентирани ученици да го збогатат музичкото искуство. Преку воннаставните активности по музичко образование се создаваат работни навики кај малите уметници: упорност, истрајност, посветеност, одговорност, дисциплина, ослободеност од предрасуди, се буди имагинацијата со која се развива креативноста. Навики кои се клучни за постигнување на врвни резултати во професионалниот развој на личноста, во било која област.

Учество земаа ученици од IV-IX одд. (IV-б, V-б, VIа, VII-б и IX-а). Според бројот на пријавени ученици, манифестацијата се покажа како интересна, возбудлива и успешна во нејзиното реализирање. Активностите беа следени преку часот Проекти од музичка уметност.

Одговорен наставник: Весна Трајковска
Наставници соработници:Марија Депиновска , Елизабета Темелковска

**Извештај од натпревари по музичко образование**

На 15.04.2023 година оркестарот при ООУ„Наум Наумовски Борче“ се пријави на регионалниот натпревар по музичко образование – орфови оркестри, кој се одвиваше on line. Во категорија на орфови оркестри, нашиот оркестар од страна на стручна комисија беше вреднуван со 100 бода. Освојувајќи го првото место доби пласман за учество на Државен натпревар.

На 13.05.2023 година во Валандово во големата концертна сала „Јанко Узунов“, се одржа Државниот натпревар по музичко образование- хорови и оркестри организиран од БРО и ЗМП на Р.С.Македонија. Музиката соедини стотици ученици на едно место. По подолг период (после пандемијата и сите протоколи) натпреварите се одиваа на сцена со јавен настап. Вреднуван од страна на стручна комисија составена од членови од БРО и ФМУ, нашиот мал камерен орфов оркестар кој броеше 16 ученици, се закити со второ место. Љубовта кон музиката, посветеноста, вложениот труд и возбудата на сценскиот настап резултираа со успех.

Одговорен наставник:Весна Трајковска

**ИЗВЕШТАЈ ЗА 21 Февруари-ден на мајчиниот јазик.**

Всушност одбележувањето на 21 Февруари-ден на мајчиниот јазик би требало да не потсети за грижата за својот мајчин јазик, да ни укаже и за присуството на други јазици.

Наша должност е да го почитуваме мајчиниот јазик,да ја промовираме лингвистичката разновидност и повеќејазичнист низ светот.

Денес македонскиот јазик е целосно оформен, современ литературен јазик кој треба постојано да се негува и надградува.

За таа цел училишната библиотека со своите членови на библиотекарската секција организираше свечен настан за сите учениците во училиштето, почнувајќи и од најмалата возраст првачињата кои се на самиот почеток на писменоста.

Учениците го промовираа литературното читање со свои лични творби и цитати од познати автори, драматизации со цел да се согледа значењето за правилна употреба на литературен јазик.

На настанот присуствуваше и дел од проектот,,Во светот на Биби" каде можеа и првачињата интегрирано да промовираат дел од својата писменост.

**Извештај од спроведени активности за Европската недела на кодирање-2022 во ООУ„Наум Наумовски Борче“**

Неделата на кодирање (EU Code Week 2022) е иницијатива поддржана од Европската Комисија, истата е лансирана за првпат во 2013-та година и има за цел зголемување на дигиталните вештини во Европа.

Оваа година, во периодот од 8-ми до 23-ти Октомври се одржа „Европската недела на кодирањето“, во рамките на која се осмислуваат настани, се избираат теми и активности со цел промовирање на програмирањето и развивање на дигитални вештини кај учениците на забавен начин.

Нашето училиштето и оваа година се вклучи во иницијативата преку работилници на онлајн платформата codemonkey.com која овозможува на интересен начин преку блок и текстуално кодирање учениците да се запознаат со основните концепти на програмирањето со примена на јазиците CoffeeScript и Python.

**Одговорен наставник: Маја Станковска**

**Извештај од  реализирана активност час за кодирање- Hour of code**

Hour of code е светски настан кој се одржува во период од 5 до 11 декември 2022 година. Нашето училиште активно учествуваше со организирање на  Minecraft Hour of Code 2022. Учениците на забавен начин во играта Minecraft преку решавање загатки се запознаа со основните концепти на програмирањето.

**Одговорен наставник: Маја Станковска**

**Извештај од спроведениот натпревар Дабар-2022 во ООУ„Наум Наумовски Борче“**

Здружението на информатичарите на Македонија  го организира интернационалниот натпревар ДАБАР во   Р. Македонија со цел  промовирање на информатиката и алгоритамското размислување кај  учениците од основното и средното образование.

Натпреварот  Дабар  оваа година се одржа во периодот 21-25 ноември  преку пристапување на  talent.mk. Учениците на електронскиот натпревар решаваа  12 задачи со различно тежинско ниво.

На електронскиот натпревар Дабар учествуваа 182 ученици од I до IX одделение.

**Одговорен наставник: Маја Станковска**

**Недела на информатиката**

По повод „Светскиот ден за безбеден Интернет“   беше одржана „недела на информатиката“ од 06-10 февруари. Беше проследени едукативни видеа и online игри за злоупотреба на интернетот, каде што учениците од VIII  одделение активно се вклучија во дискусијата поврзана со надминување на потенцијалните опасности и креираа постери со совети за безбедно користење на интернет.

Во работилницата која беше реализирана со учениците од VII одделение беа анализирани прашања од анкетата која претходно беше зададена, квиз прашања „Каков онлајн пријател си ти“ каде што учениците зедоа активно учество со дискусии, раскажување на искуства и предлози за подобро и побезбедно користење на Интернет.“

Со учениците од VI одделение беше реализиран квиз натпревар каде учениците се натпреваруваа со знаењата од областа на информатиката и се забавува преку авантуристичката игра Interland преку која учеа за дигитална безбедност. (https://beinternetawesome.withgoogle.com/en_us/interland .)

Одговорен наставник: Маја Станковска

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ актив прво одделение

учебна 2022/2023год.

Во текот на учебната 2022/23 година како дел од воспитно – образовниот процес се реализираа повеќе воннаставни активности кои придонесоа ученикот да се развива во отворена,самостојна и креативна личност.
Според должината на времетраењето се разликуваа неколку вида воннаставни активности:

**<u>Секција за проширување /</u>** продлабочување на содржините од наставните предмети / области – **Ликовна секција секција и Еколошка секција**
**<u>Акциите</u> -** краткортајни воннаставни активности кои најчесто се реализираат во текот на еден ден, но можат да траат и неколку денови.
**Еднократни работилници – краткотрајни**
**Проекти**

**Во I (прво) а одделение се реализираа следниве активности:**

**Еднократни работилници:**

- Работилница„Нашиот шпајз“
- Работилница од ЖВ Градење самодоверба - Животна линија
- Работилница -Пријатни и непријатни чувства работа во групи
- Изработка на новогодишни украси
- Изработка на честитки по повод денот на жената
- Изработка на маски за денот на шегата
- Изработка на Велигденски украси
- Грижа за здравјето на забите ( правилна исхрана, орална хигиена)
- Предавање на Тема:„Правилно миење на забите“
- Одбележување на 8 Септември - Ден на осамостојување на Р.С.Македонија
- Одбележува-ње на 13 Ноември-Денот на ослободување на град Скопје
- Одбележување 21 Март

**Акции:**
Одбележување на Светскиот ден на заштита на животните
Одбележување на Детската недела под мото„Здраво тело,здрав дух“
20 Ноември-Светски ден на детето

Одбележување на 18 Февруари Меѓународен ден на отпадни батерии преку низа на активности
22 Март – Светски ден на водата
Светски ден на здравјето-7 Април

**Проекти:**
Проект „Здравје“со цел да знае дека храната помага да растеме, да размислуваме, ни дава енергија, сила за движење, трчање, за добар имунитет . -да се знае дека за здравјето е важно физичката активност, вода и чиста облека
Проект: Животински свет

Проект: Мојот дом изработка на семеен албум; лична хигиена, штедење вода, отпад;
Проект: Какви се домовите во селата и градовите
Проект „Зелен волотеризам“ -Црвен крст
цел:Подигнување на свеста кај младата популација за последиците по здравето

Во прво а одделение учениците се определија за две **секции:**

- Еколошка секција развиваа еколошка свест,се грижеа за здравјето и чисто училиште , формирање навики за придонес во акциите за здрав еколошки живот;
-
- Ликовна секција каде учениците ги развиваа и негуваа творечките способности и умешноста за ликовно изразување.Учениците се грижат за уредувањето и естетскиот изглед на нашето училиште.

Учествуваа на ликовен конкурс,натпревар за нивна возраст.

Одделенски наставник,Марија Депиновска

ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ЛИКОВЕН НАТПРЕВАР

Ученици од четврто одделение од основното училиште Н.Н.Борче зедоа учество во ликовниот натпревар на тема „Учиме да се грижиме како да ја заштитиме животната средина и да го намалиме и рециклираме создадениот отпад“. Кој беше организиран од страна на Макстил .

На еден креативен начин млади уметници илустрираа како треба да изгледа Инвестирањето во нашата планета, а во изборот за најдобри цртежи им помогнал професорот Жарко Башевски од Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Горди сме што учениците од мали нозе ги едуцираме зошто е важна заштитата на животната средина и како да се грижиме за истата.

Ние ја посетивме компанија кадешто разговаравме за грижата за животната средина и ги слушнавме размислувањата за тоа како треба да изгледа Инвестирањето во нашата планета.🌱 Учениците покажаа висока еколошка свест и верување дека преку вакви активности и едукативни презентации ќе се направи позитивни промени во средината во која живееме!

По тој повод ученикот Борјан Карапејов е награден за најдобар ликовен цртеж со награда ваучер за спортска опрема.

**Одговорен наставник Виолета Силјановска**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА ЛИТЕРАТУРНА МАНИФЕСТАЦИЈА

На меѓународната литературна манифестација,,Средби под јаворите"-Видое Подгорец 2023 за конкурс на наставници за изработка на мултимедијален ИКТ проект инспириран од творештвото на авторот Видое Подгорец на тема,,Коктел за сон"училишната библиотека учествуваше со членовите на библиотекарската секција и беше наградена со благодарница за креативност и вложен труд.За таа цел беше поканета на завршниот свечен настан во Колешино/Струмица на 08.06(четврток)за доделување признанија,беа промовирани стихови,драматизации од ликот и делото на Видое Подгорец.На настанот присуствуваше и авторот Киро Донев и уметникот Живко Поповски-Цветин кој им сподели слики за мир на учесниците.Голема благодарност на организаторите на манифестацијата која ни овозможи мотивација за натамошно учество на литературни конкурси.

**Одговорен наставник: Ленче Славковска**

## **ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦА ЗА РАЗВИВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА КУЛТУРА**

Учениците од IIа, IIб, IIв следеа предавање и работилница на тема за " Јас сум дете, помогнете ми да научам што е тоа сообраќај".

⚠️Како децата да ги научат полесно сообраќајните правила,истите да ги применуваат кога се учесници во сообраќајот

✅Предавањето го одржа професор Зоки Стојмиров од средното сообраќајно училиште Боро Петрушевски.

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ПРОЕКТИ И СОРАБОТКИ СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

1. На ден 19.09.2022 год беше остварена соработка со невладината хуманитарна организација- Проект Среќа се донираше тетратки и улилишен прибор за ученици на кои што им е потребен.
2. На ден 20.09.2022 год во спортската сала Методија Андонов Ченто при "ООУ Наум Наумовски - Борче" учениците од IIIв одделение преку спортска активност ја обележаа Европската недела на мобилност во организација на Агенција за млади и спорт, Федерација на училишен спорт на Македонија и општина Гази Баба.
3. На ден 25.09.2022год. учество на онлајн конкурс на Интернационалната поетска манифестација-Сплоти се Македонијо.Учениците Лана Јовановска,Михаела Ѓуриќ, Славе Стрезовски и Јована Доневски учествуваа на манифестацијата со свои песни.
4. На ден 27.09.2022год Во соработка и реализација на проект од издавачката куќа Сказнувалка учениците од прво до петто одделение засадија бележници за книга од рециклирана хартија која во себе содржи семе.
5. На ден 28.09.2022год Остварена е соработка со друштво за управување со отпад-Нула отпад ,едукатор Билјана Костадинова во оваа едукативна работилница беа вклучени учениците од прво до седмо одделение им беа поделени кантички за собирање на отпадна батерии за помалите одделенија им беа поделени сликовници и тетратки.
6. На ден 12.10.2022год. Проект-Фудбал во училиште,носител ФФМ во соработка со ФУСМ.
7. На ден 01.11.2022 Едукативна презентација во нашето училиште од страна на Музејот на Република Северна Македонија (етнолошки,археолошки и историски) на тема -Народни носии.
8. На ден 18.11.2022год. Подарок од издавачката куќа Сказнувалка за учениците што засадија садливи бележници за книги.Издавачката куќа Сказнувалка донираше и книги од својата едиција, исто така се вклучија и во претставата по повод Месецот на книгата каде што учествуваа и двајца глумци од Театарот за деца и младинци.
9. На ден 23.11.2022год Учество на Меѓународен ликовен фестивал во Словенија учествуваа следните ученици Михаела Ѓуриќ 8 Шумата е наш пријател Дрвени бои 2 Ирис Размоска 8 Шумата е наш пријател темпера 3 Дора Милковска 8 Играј со мене Дрвени бои 4 Јована Николовска-Шумата е наш пријател -дрвени бои,на ликовниот конкурс учествуваа и ученици од четврто и трето-б одделение.

10.На ден 30.11.2022год Следење на презентација на тема Рециклирање на маслото за готвење организирана од компанијата Суниленс.

**ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНАТА Проекна активност на актив четврто одделение**

Во период од 28.11-18.12.2022 год. учениците работеа на проектната активноат,,Убавините на зимата – новогодишни желби,,.Оваа проектна активност беше замислена да се реализира вонnаставно и во текот на наставата на неколку часови .

Најпрво на ден 28.11 2022 год. учениците се запознаа со задачите и целта на проектната активност. Беше истакнато дека учениците во следниот период ќе ги воочуваат промените и убавините на зимата и нејзините празници.Овој пат беше договорено и како оваа проектна активност ќе ја интегрираме и со редовната настава.

На 30.11.2022 год. на часот по македонски јазик –учениците твореа на тема зима, новогодични желби каде учениците пишуваа писмен состав .Сите ученици изработија состави кои ќе бидат дел од книгата на одделението.

Истиот ден(30.11.2022 год.) на часот по техничко образование се учеше за Добивање хартија и полукартон

1. Хартијата е материјал кој се користи во животот и работата на луѓето.
2. За производство на хартија и картон се користат материјали од растително потекло кои содржат влакнести елементи – целулоза.
3. Основна суровина за добивање хартија е дрвото, сламата, иситнетите стебла од пченка, разновидна трева, коноп и друго.
4. Хартијата денес се произведува во фабрики.
5. Хартијата може да се рециклира за да се заштити природата.

Освен хартија за пишување, се изработуваат и разни видови на картони за изработка на корици за книги, амбалажа, пакување и друго.

За оваа проектна активност ни беа потребни парчиња картони на кои требаше да се црта на тема новогодишни украси . Истите изработки беа избоени од страна на учениците на часот по ликовно образование.

На ден 14.12.2022 год се изработија куќички од картон кои претходно беа нацртани како макета и се доработија со дизајнирање на истите. Преку оваа активност учениците учат како може старата употребена хартија да се преработи и да послужи како основа за цртење. Подигната свест на деца од основно училиште за рециклирање на хартијата, а со тоа и зачувување на планетата Земја.

Да знаат дека со рециклирање и реупотреба се спречува губењето на материјали, се намалува користењето на енергијата, се намалува загадувањето во воздухот и во водата.

Проектната активност заврши на ден 21.12.2022 год. кога по завршувањето на часовите се изработи книга на одделението под наслов ,,Новогодишни желби ,, каде беа собрани составите на учениците и нивните стихотворби на тема, во книгата свое место најдоа и сликите кои беа направени . Изработките од картон беа изложени на паното во училиштето а куќичките излочени за продажба за хепенингот.

Оваа проектна активност беше доста интересна за учениците. Учениците на доста интересен начин ги претставија убавините на зимата и нејзините празници и ги воочија промените кои наставуваат во природата. Учество земаа сите ученици. Докази за спроведената активност се: слики, изработкиод картони, писмени состави и стихотворби, книга на одделението, презентација .

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ГРАНТ „ГРАДИМЕ НОВИ МОСТОВИ“**

- Нашето училиште заедно со партнерите ООУ " 25 Мај" и ООУ "Дане Крапчев" е добитник на грант за проектот „ГРАДИМЕ НОВИ МОСТОВИ“, проект подржан од МОН и Мисијата на ОБСЕ. Целта на проектот е промовирање на

заеднички активности меѓу децата кои учат на различни јазици. На свечен настан официјално беа врачени грантовите од страна на Килиан Вал, Амбасадор на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Јетон Шаќири, Министер за образование и наука.

ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕСТВО НА ПРОЕКТ „ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА СО ПОП“

Во рамки на проектот "Инклузија на деца со посебни образовни потреби" беа доделени стипендии на 4 ученика за учебната 2023/24.

Во рамки на проектот "Инклузија на деца со посебни образовни потреби" за Интеркултурна размена во Троген, Швајцарија. Се реализираше подготвителна работилница на16.05.2023 год. ,присуствуваа 40 ученици и 6 супервизори, од кои 15 ученици се од ООУ„Наум Наумовски Борче“. Размената се случи во периодот од 30.05-13.06.2023 година во Детското село Песталоци. Проектот е имплементиран од Здружението за асистивна технологија "Отворете ги прозорците" финансиски поддржан од Детската Фондација Песталоци.

Учениците од ООУ„Наум Наумовски Борче“ Гази Баба, Скопје УЧЕСТВУВАА на Интеркултурна размена во Троген, Швајцарија во која учествуваат 14 ученици од шесто и седмо одделение со две наставнички- супервизори, во период од 30.05 до 13.06.2023 година

Работилниците се одвиваат на тема:

1. Детски права
2.Анти- Дискриминација
3. Интеркултурна комуникација

Размената е во рамки на проектот„Инклузија на деца со посебни образовни потреби“ имплементиран од Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ а финансиски поддржан од Детската фондација „Песталоци“.




Во соработка со ЦЕРТУС АД СКОПЈЕ беа одвоените финансиски средства потребни за патување за учениците.

Краток извештај од Интеркултурната размена во Швајцарија

-Првата недела од размената учениците имаа активности за нивно меѓусебно запознавање, тимска работа. Учениците имаа активности за нивно меѓусебно запознавање, тимска работа.



-Во втората недела од престојот ни се придружија и ученици од Швајцарија.Така учениците имаа можност за поголема дружба и запознавање.

За време на викендите имавме прошетка до неколку места:

-03.06.2023 посета на градот Цирих и Костанс(град во Германија)

-04.06.2023 посета на Водопадите на Рајна и Технорама-научен музеј каде имаа можност да допрат,да пробаат,да играат и да разберат и научат.

-10.06.2023 посета на градот Луцерн

- 11.06.2023 посета на музејот на Детското село и Боденско езеро



Последниот ден од нашиот претстој учениците имаа радио емисија каде имаа можност да се претстават и да го споделат нивното искуство од престојот.



На крајот од размената сите ученици и супервизори се стекнаа со Сертификати

По завршување на размената учениците имаат задолжение да направат трансфер на стекнатите знаења и да се спроведат акциони планови кои ќе бидат изработени со учениците кои беа на размената. Периодот предвиден за оваа активност е некаде септември/октомври 2023 година.

Супервизори: Даниела Караташова и Соња Николова

Во рамки на проектот "Инклузија на деца со посебни образовни потреби" беа доделени стипендии на 4 ученика за учебната 2023/24.

Координатор: Даниела Караташова

**Извештај од etwinning проекти**

Во училиштето се реализираа неколку Etwinning проекти (Save Internet for us, Throw or Save?, Stories of the sky, You Children Play Cheerfully-You Code) кои започнаа со реализација во ноември или декември и траеја до крајот на наставната година.

Во рамки на Etwinning проектите учениците соработуваа и комуницираа со ученици од други земји ( Турција, Италија, Романија, Латвија, ...), истражуваа и ја развиваа својата креативност, ги подобруваа јазичните и дигиталните компетенции.

**Одговорен наставник: Маја Станковска**

**Erasmus проект Maths & Sports4all**

Во учебната 2022/23 година во рамки на Erasmus+ проектот Ready to innovate: Maths & Sports4all - RIMAS :

- се одржа третиот транснационален состанок од 17-21 октомври во Гулбене-Латвија на кој присуствуваа наставниците Маја Станковска и Снежана Поп Алексова Боболеска
- се дизајнираа ресурси за учење и зајакнување на содржините по математика преку физичко образование за ученици од основните училишта во контекст на родова еднаквост.
- се реализираше мобилност во Нови Сад-Србија на кој учествуваа 10 ученици од III до VI одделение и наставниците Маја Станковска и Снежана Поп Алексова Боболеска
- се одржа четвртиот транснационален состанок на 1-2 јуни во Бургос-Шпанија на кој присуствуваа Маја Станковска и Светлана Петровска

Партнери во проектот се: Colegio Virgen del Rosa. Burgos,-Шпанија координатор на проектот, Gulbenes novada vidusskola-Gulbene, Латвија, "Branko Radicevic"-Novi Sad, Србија, Universidad de Burgos, Бургос, Шпанија, Сојуз на истражувачи на Македонија

**Erasmus проект Learn GREEN – Outdoor STEM**

Во учебната 2022/23 година во рамки на Erasmus+ проектот Learn GREEN – Outdoor STEM:

- се одржа вториот транснационален состанок од 19 септември во Скопје на кој присуствуваа наставниците Маја Станковска и Александра Војнеска Зикова
- се дизајнираа ресурси за иновативни начини на учење на STEM на отворено, особено на девојчиња и обесправени деца на возраст од 8-16 години.
- се реализираше мобилност во Бургос-Шпанија 20-23 март на кој учествуваа 8 ученици од VI до IX одделение и наставниците Маја Станковска и Снежана Поп Алексова Боболеска
- се реализираше мобилност во Скопје (15-18 мај) на кој учествуваа 8 ученици и 2 наставници од Шпанија и 8 ученици и 4 наставници од Словенија и 14 ученици од VI до IX одделение и 6 наставници од нашето училиште.

Координатор на проектот е Факултетот за информатички студии од Ново Место-Словенија. Други партнери се Osnovna Šola Vrhovci од Љубљана- Словенија, Сојуз на истражувачи на Македонија и Colegio Virgen de la Rosa од Бургос-Шпанија.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА КНИЖЕВНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „ЕСЕН ВО ГАЗИ БАБА“ 2022
## Конкурс: „Есеј во есен“

На 25.10.2022 г. се одржа книжевната манифестација „Есен во Гази Баба“ 2022 г. Распишан е литературен конкурс за учениците од VI - IX одд., темата е слободна. Промовирање на наградените ученици, средба на учениците со писателот Горјан Петревски и разговор со познати писатели за деца и малди**,** со цел учениците да се запознаат со писателите, нивната дејност и творештво, воедно да се мотивираат да ги читаат нивните дела и самите да пишуваат.Настанот го збогатија младите есеисти кои ќе прочитаат по еден фрагмент од своите есеи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА НАСТАНОТ ПО ПОВОД „САЕМ НА КНИГАТА“

На 05.05.2023г., учениците од VI-IX одд., заедно со наставниците по македонски јазик и училишниот библиотекар ја посетија манифестацијата за популаризација и афирмација на книгата - Саем на книгата.

На оваа едукативна посета, учениците се запознаа со голем број издавачки куќи, како Просветно дело, Топер, Култура, Феникс и нивните најнови изданија.

Успеаја да се запознаат и со некои позначајни автори, како Далибор Трајков и Оливера Ќирковиќ, а меѓу другото и да им постават и по некое интересно прашање.

Учениците со задоволство си избраа и купија книги по свој вкус за нивните домашни библиотеки: лектири, романи, забавна и популарна литература, како и помошна литература во учењето.

## ПРОЕКТ „АКТИВИРАЈ СЕ НАВРЕМЕ“

Учениците од V а одд, заедно со учениците од IV а одд. се вклучија во проектот „Активирај се навреме“. Во текот на првото полугодие собираа пластични капачиња, крајната цел на капачињата е за правење делови од детски инвалидски колички. Вкупно беа собрани околу 7кг. капачиња. Капачињата се однесени во собирниот пункт кај „East gate mall“. Со проектот за собирање капачиња ќе продолжат и во второто полугодие.

**ПРОЕКТ „ 0 Отпад“**

Учениците од V те одд. следеа презентација за намалување на отпадот од потрошените батерии. Преку презентацијата тие ја сфатија опасноста од потрошената батерија и киселината која што ја испушта. Секој ученик доби пластична кантичка за собирање на батериите. Одкако ќе се наполнат кантичките, учениците самостојно ги одложуваат во голем сад, наменет за собирање на старите атерии. Оваа иницијатива продолжува и во второто полугодие.

**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА „ ДЕНОТ НА ЈАБОЛКОТО“**

Учениците од V те одд. го одбележаа интернационалниот ден на јаболкото – 20 Октомври. Најпрво следеа презентација за составот и значењето на јаболките. Се запознаа и со сортите јаболка кои ги има насекаде во Светот. Секој ученик носеше јаболки од дома, по проследувањето на презентацијата, направивме овошна салата. Потоа следеа активности поврзани со часовите по ликовно образование и македонски јазик – цртање и моделорање на разни сорти јаболки, пишување на состави за значењето на јаболкото.

Активот на V одд. го подготвува училишното радио за секој поголем празник или настан.

**ИЗВЕШТАЈ Денот на планетата Земја 22 април**

По повод Денот на планетата Земја 22 април, ученици од 7а, 8б и 9а одделение под менторство на наставниците по географија Катарина Марковска и хемија и природни науки Даниела Кузманоска го одбележаа со низа активности во нашето училиште како и во контактно- училишната емисија „Ѕвон“. Под мотото „Рецилираме и ја чуваме нашата планета Земја“ учениците изработија низа постери, пораки, различни украси (оригами на цветови, чадорче од хартија и пластика, модел на планета Земја, корпи за селектирање на отпад) како и проектна активност со изработка на садливи картички со брзорастечки цветни семиња од рециклирана хартија.

До сите наши соученици, вработени и целиот свет ја испративме пораката:
**„ ДЕЛ СМЕ ОД ЗЕМЈАТА И ТАА Е ДЕЛ ОД НАС, АКО И НАШТЕТИМЕ, СИ НАШТЕТИЛ САМИОТ НА СЕБЕСИ. ЗАТОА ЧУВАЈ ЈА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!“** бидејќи
**„ НЕМА ПОУБАВО ЗНАМЕ НА ЗЕМЈАТА ОД ЗНАМЕ ШТО Е САМО СЛИКА НА ЗЕМЈАТА!“**

## Лего-турнејата

Во рамки на Лего-турнејата во соработка со здружението Еко Логик се одржаа работилници за едукација на учениците за целите за одржлив развој на интересен и креативен начин преку примена на лего коцки. Во работилниците учествуваа ученици од I до VIII одделение и одделенските наставници и наставничката по информатика Маја Станковска.

**Одговорен наставник: Маја Станковска.**

**Извештај од проектот**
**“Здрава храна и добри навики за среќни деца’’ учебната 2022/23г.**

Во соработка со здружение EKG Еколошка канцеларија на Општина Гази Баба под раководство на д-р Снежана Милковска на 10.06.2023г.беше реализирано предавање и работилница “Здрава храна и добри навики за среќни деца” дел од проектотво кој учествуваат две училишта од нашата општина “ООУ Наум Наумовски – Борче” и “ООУ Дане Крапчев” од Скопје. Покровител на проектот е општина Гази Баба.

На ден 10.06.2023г. во просториите на нашето училиште Д-р Снежана Милковска одржа предавање-презентација со цел:Учениците да ги применат знаењата за здрава храна во секојдневниот живот, за подобрување на квалитетот на сопствениот живот промовирајки ученички активизам за здрава храна и здрави навики во својата заедница.

Со предавањето и презентација д-р Снежана Милковска и интерактивна дискусија учениците ги проширија знаењата за придобивките за сопственото здравје од здравата храна и нејзината нутритативна вредност, стекнување навики за внесување на сурови и свежи хранливи материи во секојдневната исхрана.

Во работилницата за подготвување на здрави оброци со свежи и сурови прехрамбени продукти, активно учествуваа 30 ученика од различни паралелки од V- VIII одделение од нашето училиште. Учениците своите знаења стекнати со вклученост во активностите во работилницата која е дел од проектот “Здрава храна и добри навики за среќни деца” ке ги применат и промовираат во училиштето и локалната заедница со саем , завршна манифестација на Светскиот ден на здрава храна 16 – ти Октомври предвидени со годишната програма на училиштето за учебната 2022/23година.

Носители и одговорни наставници на проектните активности од проектот” Здрава храна- здрави навики” од ООУ Наум Наумовски- Борче се:

Биологија – Природни науки наставник: Фросина Ристовска

Хемија – Природни науки наставник:Даниела Кузманоска

Ликовно образование наставник: Никола Наневски.

Во рамки на краткотрајни воннаставни активности во текот на учебната година, училиштето планира организирање на акции од општествен, хуманитарен и друг карактер, како што се на пример различни еколошки акции, хуманитарни акции, волонтерски активности и друг вид на општествено корисна работа.

**Годишен извештај за Реализирани еколошки активности**

**во "ООУ Наум Наумовски Борче" учебна 2022/23 г.**

Според анализата направен е план на активности во кои се вклучени точките за акција од еко-стандардите на кои се стави акцент во учебната 2022/23 година.За подобра едукација на учениците извршено е планирање на настава со ЕКО содржини кои што ги опфаќаат сите точки од еколошката едукација (еколошките стандарди): штедење на вода ,штедење на електрична енергија,уредување на дворот,уредување на училишната зграда.За "Еколошка едукација на ученците" во сите програми по сите наставни предмети се предвидени ЕКО содржини.За учебната 2022/23 година е избран приоритетен ЕКО-стандардот "Рационално користење на електричната и топлинската енергија" „Уредување на училишната зграда и училишниот двор". За таа цел се извршени бројни активности со поставување на ученички трудови и презентации на учениците на видно место во училниците и помошните училишни простории во училишната зграда.

Со почетокот на учебната година и пред почетокот на грејната сезона се актуализираше и прашањето за високите трошоци за снабдување со топлинска и електрична енергија за основните и за средните училишта во Македонија. Со цел да се постигне рационално искористување на електричната енергија,нашето училиште како и останатите има обврска да ги гаси светлата доколку нема потреба да работат ,да не се затоплуваат просториите каде што нема ученици и да не се користи електричниот шпорет.Гасење на фасадните светилки. Со вакво домаќинско однесување се обидуваме да ги надминеме проблемите настанати поради енергетската криза.

**Еко активностите во учебната 2022/23 година беа следните:**

На 23 –ти септември 2022 год. во нашето училиште се одржа едукативна работилница за правилна селекција на електронскиот отпад и отпадни батерии и акумулатори организирана и презентирана од страна на Друштво за управување со отпад Нула Отпад Скопје, едукатор Билјана Костадинова.Во оваа работилница беа вклучени учениците од прво, шесто и седмо одделение.На сите ученици им се доделија кантички за отпад на батерии а на првачињата им беа доделени сликовници и тетратки поврзани со темата.

Јас не можам да направам се што и е потребно на планетата Земја, но на планетата Земја и е потребно се што можам да направам јас" - од овие зборови тргнавме на нашето едукативно дружење со учениците од ООУ Наум Наумовски Борче од Скопје.

👉Да не заборавиме дека со мали промени во нашите навики правиме голема промена за животната средина која ни припаѓа на сите нас, но и на генерациите по нас.

☝ ✅♻️Да користиме Еко Линија 070 236 000 за правилно и бесплатно одлагање на електронскиот отпад од нашите домови/компании.

Исто така на овој ден трето-б и трето-в одделение го одбележаа Меѓународниот ден -Ден без возила🚴🚴🚴

Оваа активност е реализирана во рамки на активностите наЗдружение на граѓани Еко Логик и„Вело Училишта“.

На 28-ми септември децата од второ до петто одделение од ООУ Наум Наумовски Борче беа дел од “Караванот на Супер Херои”со цел да се развијат еколошки навики од мали нозе.

На 7-ми октомври нашето училиште традиционално ја одбележа Детската недела под мотото:,,Во здраво тело, здрав дух! Да растеме здрави и среќни!

Настан за промовирање на правата на децата и нивните должности. Во рамките на Детската недела се реализираа низа активности:

-Еко работилници за развивање еколошка свест за зачувување на животната средина
-Спортски активности за стекнување навики за здрав живот
-Работилници за стекнување навики за примена на здрава храна и согледување на нејзиното значење
-Работилници со ликовно творење на тема ,,Имаме право на среќно детство" на кои учениците ги усовршуваа своите уметнички вештини и ги учеа детските права
-Рабитилници со литературно творење (лични творби,пораки) за почитување на различностите, почитување на личноста на детето

На 14-ти октомври нашето училиште оствари соработка со компанијата Sunilens како прва овластена и лиценцирана од Министерството за животна средина за собирање и рециклирање на отпадно масло за јадење.

♻️Компанијата изврши едукација во нашето училиште во која што беа вклучени учениците од прво и четврто одделение.Целта на едукацијата беше преку учениците да се допре до домаќинствата за собирање на отпадно масло во соодветни канти(доделени од Sunilens) и во одреден период од неделата истите ги подигнуваат од страната на Sunilens, потоа следи процесот на преработка на отпадното масло во Био дизел гориво.

🍎🍌🍋Учениците од трето-в одделение го одбележаа Светскиот ден на здравата храна -16 Октомври.🥦🥒🥬🥕
🍏🍇ПОРАКА-Избери живот,храни се здраво, телото и умот ќе ти кажат дека си во право!🥝🫐

На 17-ти октомври наставничката Виолета Силјановска заедно со учениците од 4а одделение го одбележаа светскиот ден на здрава храна со што искористија вкусни и здрави зеленчукови и овошни растенија од нашата училишна градина и направија здрава витаминска зеленчукова и овошна салата.

На 20-ти октомври по повод денот на јаболката учениците од нашето училиште го обележаа денот со разновидни активности и пратија пораки за нејзината улога во развојот на нашите здрави навики и живот.

На ден 25.11.2022 година, учениците од ООУ Наум Наумовски - Борче заедно со наставникот по физичко и здравствено образование Дејан Боневски учествуваа на еднодневна едукативна тура на Скопска Црна Гора која беше организирана од страна на Општинскиот сојуз на училишен спорт на Гази Баба и планинарскиот клуб I Love Hiking. Овој настан имаше за цел промоција на проектот ,,Патеки за сите".

Учениците од 9те одделенија на 29.12.2022 год. со наставничката по биологија Фросина Ристовска реализираа едукативна работилница на Тема: Превенција од болести на зависности. Цел на работилницата беше заштита на здравјето на младите од болестите на зависности. Во рамките на работилницата беа споделени едукативни брошури на учениците. Спроведената анкета и резултатите покажаа дека нашите ученици имаат желба за активности кои се во насока за борење против зависностите во општеството.Учениците реализатори на работилницата ви посакуваат , среќни, безгрижни и весели новогодишни празници!

На ден 30.01.2023 година продолживме со промоција на Менталното здравје кај најмладите, ги јакнеме личните потенцијали, поттикнуваме здрави социјални вештини и хуманистички вредности.

Учениците од 2в одд со особено задоволство ги реализираа активностите за пријатни и непријатни чувства!

На ден 4.02.2023г.учениците од Ia и Iб од дневниот престој направија изработки кои претставуваа предвесник на пролетта.

На ден 17.02.2023г. учениците од прво до петто одделение го го одбележаа Меѓународниот ден за отпадни батерии.

На ден 1.03.2023 год. традиционално и оваа година учениците од I до V одделение изработија мартинки кои ја симболизираат пролетта, но и доброто здравје. Мартинките се традиционален украс од бел и црвен конец, кој се плете во вид на нараквица и се закачуваат на првиот ден од месец март.

На ден 21 2023 год. беше одбележан денот на пролетта со еко активности и поттикнување на еко вредности.

На ден 22.03.2023 год. беше одбележан светскиот ден на водата. Водата е основата за постоењето на живот на планетата Земја, а чистата вода за пиење и за одржување на хигиената е неопходна за одржување на животот и здравјето на целиот жив свет.

Сепак, правото на вода не е еднакво достапно за секого. Приближно 900 милиони луѓе во светот немаат пристап до чиста и здрава вода за пиење, додека 2,5 милијарди луѓе немаат нормални услови за одржување на својата хигиена. За да може да се справи општеството со кризата за вода и да го овозможи правото на вода, Обединетите нации го признаа правото на вода како елементарно човеково право за обезбедување чиста и здрава вода за пиење. По тој повод учениците од 4 а и 4 б изработија пораки за важноста на водата . Презентираат како може водата да биде филтрирана.

На ден 30.03.2023 год. беа изведени еко активности и уредување на училишниот екстериер со учениците од 5а и 5б одделение!

На ден 22.04.2023 год. беше дбележан денот на планетата Земја УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО-А,ТРЕТО-В И ВТОРО-В ПРЕКУ НИЗА АКТИВНОСТИ И РАБОТИЛНИЦИ И ГО ЧЕСТИТАА РОДЕНДЕНОТ НА НАШАТА ПЛАНЕТА🎂

- ♻ УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТО-В одд. РАЧНО ИЗРАБОТИЈА САДЛИВИ КАРТИЧКИ СО НАЈРАЗЛИЧНИ ЦВЕЌИЊА И ГИ ЗАСАДИЈА ВО УЧИЛИШНАТА ГРАДИНА.
- ♻ Со учениците од дневен престој од Iа Iб и IIIб🌍 Актив 4то одд. и 2б одд. IIa, IIб, IIв, IIIа и IIIв одд. го одбележавме денот на планетата Земја- 22 април, со изработка на цртежи и соодветни пораки.

Дел сме од Земјата и таа е дел од нас, ако и наштетиме, си наштетил самиот на себе си ♻🌍

♻ 🌍♻ЗАТОА ЧУВАЈ ЈА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА!!!

Учениците од од 9а одд заедно со наставничката по хемија Даниела Кузманоска изработуваа садливи картички од стара рециклирана и употреблива хартија .

Учениците од осмите одделенија заедно со наставничката по географија Катарина Марковска изработуваа хамер за Планетата земја и кутиии за рециклирање на пластика,хартија и стакло.Во изработката на кутиите беа вклучени и наставничката по одделенска настава Дијана Николовска заедно со учениците од трето одд.

На 29.05.2023 година, учениците од IX- то одделение одржаа Отворен ден по граѓанско образование и ги презентираа реализираните ученички иницијативи кои допринесоа да продолжат позитивните промени во училишниот живот.

За таа цел учениците:Под менторство на наставничката по граѓанско образование Лилјана Стефановска учествуваа на работилница за „Активна улога и преземање акција во училиштето“ и работилница за „Ученичкото учество и ученичкото организирање“

Спроведоа хуманитарна акција под мотото „Подај рака за Никола“ Реализираа еколошката акција „Засади цвет за поубав свет“. Го уредија училишниот простор со етички пораки. Одржаа новогодишен хепенинг и собраа средства за изградба на летниковец- надворешна училница.

**Координатор:Билјана Велјаноска**

**Годишен извештај за работата на Еколошка секција на ниво на актив трето одделение за учебната 2022/23 година**

**Секој петок на 6 час се реализираа содржините (активностите) од еколошката секција**

| **активности** | **датум** |
|---|---|
| | |
| 1.Извештај од годишните активности | 09.06.2023 |
| 2.Еко активности во училишната градина | 07.06.2023 |
| 3.Уредување на училницата и хигиена | 30.05.2023 |
| 4.Пролетна прошетка во блиската околина | 26.05.2023 |
| 5.Организирање изложба-портфолио-Сакаме здрава животна средина | 19.05.2023 |
| 6.Соработка со детски спианија | 12.05.2023 |
| 7.Усен извештај од еколошка патрола | 05.05.2023 |

| | |
|---|---|
| 8.Екологијата и реката Вардар-во дел на населбата-патрола | 28.04.2023 |
| 9.Работна акција | 07.04.2023 |
| 10.Засадување млади садници во училишниот двор | 31.03.2023 |
| 11.Одбележување на денот на екологијата, работна акција | 24.03.2023 |
| 12.Акција за убава и чиста населба | 17.03.2023 |
| 13.Природни промени и активности на луѓето во населбата-работа на терен | 10.03.2023 |
| 14.Акција за чистење и уредување на дворот | 03.03.2023 |
| 15.Изработка на еколошки ѕиден весник | 24.02.2023 |
| 16.Усен извештај за состојбата во училиштето од еколошка патрола | 17.02.2023 |
| 17.Изложба-Моето милениче и јас | 10.02.2023 |
| 18.Начин на чување домашни миленичиња | 03.02.2023 |
| 19.Хигиена во училницата и места каде што се движат (ходници) | 27.01.2023 |
| 20.Извештај од активностите од прво полугодие | 30.12.2022 |
| 21.Новогодишна честитка од млади еколози | 23.12.2022 |
| 22.Илустрација-Каде се применува рециклираната хартија? | 16.12.2022 |
| 23.Намалување на отпад во околината –Собирање стара хартија | 09.12.2022 |
| 24.Загадување на воздухот во нашата населба | 02.12.2022 |
| 25.Изложба-Екологијата во населбата и училиштето | 25.11.2022 |
| 26.Чистотата во нашата училница | 18.11.2022 |
| 27.Акција за уредување на училишниот двор | 11.11.2022 |
| 28.Илустрација за екологијата во училишниот двор | 04.11.2022 |
| 29.Светски ден на храната | 28.10.2022 |

| | |
|---|---|
| 30.Светски ден на пешаците | 21.10.2022 |
| 31.Меѓународен ден за намалување на уништување на природата | 14.10.2022 |
| 32.Светски ден за заштита на животните | 07.10.2022 |
| 33.Светски ден на чисти планини | 30.09.2022 |
| 34.Меѓународен ден за ден без возила | 23.09.2022 |
| 35.16 Септември -Меѓународен ден за заштита на озонската обвивка | 16.09.2022 |
| 36.Формирање еколошки патроли | 09.09.2022 |

Наставници:

Дијана Николовска трето-в

Анета Пешевска трето-а

Соња Николова трето-б

**Извештај**

**за работа на биолошко-природна секција во ООУ”Наум Наумовски – Борче”во учебната 2022/23г.**

Биолошко-природна секција во учебната година 22/23 работеше со вкупен број на ученици 18 од различни паралелки од VI – IX одд.

Содржините одработени на часовите беа предвидени со програмата за секцијата за учебна 22/23г.

Реализирани беа целите:

-Задоволување на интересот на учениците за проширување и продлабочување на знаењата од областа на Биологијата и Природните науки.

-Учениците ги научија темелните биолошки поими и усвојување на додатни природо -биолошки знаења и вештини.Развивање на биолошка писменост,стекнување вештини за истражување за стекнување практични и природо-биолошки знаења и способности.

- Учениците ги совладаа биолошки и природни вештини во корелација со другите сродни предмети.Примена на соработничко учење и активни методи на учење и поучување.(пр. Решавање проблеми...)

Учениците дел од биолошко природната секција одбележија некои датуми од светскиот календар со различни активности и дел од нив учествуаа и имаат постигања на општинскиот натпрева одржан он-лине на 10.03.2023г. и регионалниот натпревар одржан н-лине на 7.04.2023г. по Биологија и природни науки.

1.Учениците по повод месецот на Болести од зависности, изработија едукативни брошури, акети и работилница-видео презентација - Превенција од болести на зависности на која ги презентираа резултатите од анкетата спроведена кај учениците од 9-те одделенија на 28.12.2022година.

2. Учениците по повод Ден на шумите 21 –ви Март учествуваа во акција на чистење на зелените и пошумени делови во училишниот двор.



3. Посебни постигнувања и стекнати знаења имаат учениците кои беа и дел од биолошко-природната секција:

- ПетраТолева 6а учествуваше и стекна Диплома за II награда на општинскиот одржан на 10.03.23г. и Пофалница на регионалниот натпревар по предметот Природни науки .

-Давид Савески 6б учествуваше и стекна Диплома за III награда на општинскиот натпревар по предметот Природни науки одржан он-лине на ден 10.03.23година.

-Пепита Димовска стекна Пофалница на општинскиот натпревар по Природни науки одржан он-лине на ден 10.03.23година

-Анисија Петрушевска 7а и Нела Панчевска 7б добија Потврди за учество на општинскиот натпревар по Биологија. Матеј Ангеловски 7б и Јован Максимовски 7б стекнаа Пофалници на општинскиот и регионалниот натпревар по Биологија.

**Извештај за работата на англиската секција во одделенската настава**

Во текот на учебната 2022/23, англиската секција од одделенска настава имаше повеќе активности, посветени на одбележување на важни дати и теми. Целта беше да се зголеми интересот и свеста на учениците за јазиците, околината и различните култури.

Европскиот ден на јазиците беше одбележан со активности кои го поддржуваа меѓукултурното разбирање и учење на различните јазици. Организирани беа часови посветени на европските јазици и нивните култури. Учениците имаа можност да се запознаат со неколку европски јазици, да научат неколку основни зборови и изрази и да истражат различни аспекти на културата на секој јазик. Исто така, организиравме и културна изложба каде што учениците го споделуваа своето знаење и искуство за различните јазици ширум Европа.

Денот на планетата Земја беше посветен на негување и заштита на околината. Со цел да се подигне свеста и одговорноста на учениците кон природата и околината, организирани беа неколку проектни задачи на англиски јазик, каде што учениците истражуваа различни еколошки предизвици и предлагаа решенија. Исто така, преку текстови и разговори на англиски јазик, учениците ги разгледуваа влијанието на човекот врз околината и како можеме да ја заштитиме нашата планета.

Роденденот на Шекспир беше одлична можност да го истражиме пишаното наследството на еден од великаните на англиската книжевност. Учениците имаа можност да читаат и погледнат адаптирани за нивната возраст пиеси, да ја истражат неговата биографија и влијанието на неговите дела на современата култура.



Интеркултурните работилници на темата "Храната низ светот и државите во светот" ги раширија погледите на ученици и ги запознаа со различните култури и кујни ширум светот. Дискутиравме и спроведовме активности за истражување на типичните јадења, обичаите и традициите поврзани со храната во различните држави. Учениците ја истражуваа врската помеѓу храната и културата.

Во целост, фокусот на англиската секција во одделенската настава оваа година беше да се промовира англискиот јазик, да се прошират културните гледишта, односот кон природата и интеркултурната свест на учениците. Сметам дека овие искуства ќе ги надградат нивните знаења и разбирање за светот околу нив, истовремено поттикнувајќи ги да бидат глобално свесни и одговорни граѓани.

Одговорен наставник: Снежана Поп-Алексова Боболеска

Англиската секција која опфаќа ученици од предметна настава преку низа активности и часови ги потекнуваше учениците на љубов кон англискиот јазик и равиваа вештини во комуникации преку:

Моите пријатели за допишување од Македонија и странство; Телефонски разговор; Забави; Ноќта на вештерките

Игри за спелување на букви од азбуката; Шопинг - обработка на вокабулар; Англиска и македонска храна; Активности во слободно време; Спорт; Собирање на предмети и хобија; Музика; Божиќ; Нова година; Патување во странство; Валентајн; Професии; Превозни средства; Нашата животна средина; Загадување; Новинарски извештај; Крстозбори; Скратеници; Бизнис патувања; Моите планови за неделата; Летни одмори

Реализиран училишен натпревар на 16.02.2023 год.

Одговорен наставник: Билјана Дрвошанова, Соња Ајдаревиќ

**Годишен извештај за работата на математичката секција во учебната 2022-2023 година**

| Ред. бр. | Датум | Активност | Цели |
|---|---|---|---|
| 1 | 15.09.2022 | Математички игри | Играта предизвикува интерес кај ученикот, го активира вниманието и на тој начин овозможува учењето да биде организирано и насочено |
| 2 | 22.09.2022 | Биографија на познати математичари | Да се запознаат со биографијата на познатии светски математичари |
| 3 | 28.09.2022 | Цртање во Geogebra | Да се запознаат со Геогебрата,одлична програма за цртање и изучување геометриски структури |
| 4 | 13.10.2022 | Математиката како тема во уметноста | Да осознаат дека уметнички дела може да се создадат со користење на математички фигури |
| 5 | 20.10.2022 | Историја на броевите | Да се запознаат како се создаввале броевите |
| 6 | 17.11.2022 | Решавање рубикова коцка | Да умеат да решат рубикова коцка |
| 7 | 24.11.2022 | Професии кои може да ги работи еден математичар | Да знаат кои професии може да ги работи еден математичар |
| 8 | 15.12.2022 | Изработка на кукла со геометриски тела | Да изработат кукла чии соствни делови се геометриски тела |
| 9 | 22.12.2022 | Изработка на математички часовник | Да изработат математички часовник,така што секој број во часовникот да е претставен преку некој математички израз |
| 10 | 9.02.2023 | Историја на математиката | Да се запознаат со историјата на математиката |
| 11 | 16.02.2023 | Теорија на игри | Да се запознаат со некои основни игри кои се применуваат во теоријата на игри |
| 12 | 23.02.2023 | Математиката во кујна | Да умеат да состават рецепти ,така што за секоја состојка да ја запишат количината со тоа што ќе го запазат соодносот меѓу составните делови на рецептата |
| 13 | 16.03.2023 | Истражување за бројот пи | Да истражуваат за бројот пи,да го одбележат денот преку приредба и изработки за бројот пи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14 | 23.03.2023 | Множества и теорија на множествата | Да се запознаат поимот множество, со видовите на множества и симболите кои се користат во операциите со множества |
| 15 | 6.04.2023 | Конструкција на агли | Да умеат да конструираат агол со дадена големина со критење на шестар и линеар |
| 16 | 27.04.2023 | Поим за теореми,докази и аксиоми | Да имаат поим што претставуваат теоремиите,доказите и аксиомите |
| 17 | 4.05.2023 | Забавна математика | Преку забавни игри да се решаваат ,вежбаат задачи |
| 18 | 11.05.2023 | Математички совети | да истражуваат, проучуваат и пренесуваат согледувања за разни секојдневни теми и нивната поврзаност со математиката. |

Наставник Билјана Велјаноска

**ИЗВЕШТАЈ Vа и Vб одделение- СЕКЦИИ ВО УЧЕБНАТА 2022/23**

Во учебната 2022/23 година во одделението сите ученици земаа активно учество во секциите кои самостојно ги избраа. Активно работеа целата година,ги постигнаа сите поставени стандарди,се стекнаа со нови знаења.

Активностите и задачите кои им беа зададени со голем успех и задоволство ги извршуваа, се стекнаа со нови знаења и вештини,успешно ги сработија сите проекти.

| 85 | Снежана П.Б. | Gamification in ELT: Magic Bullet or Broken Sword? | British Council | слушател | 1 час | 27.01.2023 | сертификат |
| 86 | Снежана П.Б. | Multimodality in EFL Teaching | British Council | слушател | 1 час | 27.01.2023 | сертификат |
| 87 | Снежана П.Б. | Engaging with learning Outcomes модул 1 од програмата Future English, организирана од Британски Совет | British Council | слушател | / | 2.02.2023 | Сертификат за завршен модул 1 |
| 88 | Снежана П.Б. | Understanding classroom language модул 2 од програмата Future English, организирана од Британски Совет | British Council | Слушател | | 9.02.2023 | Сертификат за завршен модул 2 |
| 89 | Снежана П.Б. | „Escape Room – tajanstveni materijal | Институт за модерно образование, Белград | слушател | 1 час | 10.02.2023 | сертификат |
| 90 | Снежана П.Б. | Kako da pridobijete pažnju učenika? | Institut za moderno obrazovanje | слушател | 1 часа | 10.04.2023 | сертификат |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 91 | Снежана П.Б. | 37th Pan-EU Conference on Digital Education. | Primera Courses | слушател | 2 часа | 20.04.2023 | сертификат |
| 92 | Снежана П.Б. | Theory and Practice with a Twist, | Hamilton House Publishers | слушател | 4 часа | 28.04.2023 | сертификат |
| 93 | Моника Г. | Работилница за адаптирањена спортот во фамилии „Активни Фамилии“ | Сојуз на истражувачи на Македонија- Скопје | Учесник | 14 ч. | 03-04 Април 2023 | Сертификат |
| 94 | Калина П. Даниела Ка. | Менталното здравје на младите и социјалните медиуми | Филозофски факултет | 4 часа | 20.04.2023 | Слушател | Сертификат |
| 95 | Даниела Ка. Саоња Н. | Интеркултурна размена на деца со ПОП | Здружение за асистивна технологија,,Отворете ги прозорите,, | 15 дена | 30.05-13.06.2023 | Супервизор | Сертификат |
| 96 | Валентина Ј. | Психосоцијална подршка на деца и возрасни во услови на криза | Институт за психологија,МОН | 1 ден | 18.05.2023 | Слушател | |

| *Шифра на обуката* | *Име и презиме на учесниците* | *Работно место* |
|---|---|---|
| **Програма 1** | **Билјана Дрвошанова** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Билјана Велјановска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Валентина  Коруноска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Весна Трајковска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Даниела Кузмановска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Катерина Јовановиќ** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Маја Д.Бошевска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Наталија Ѓорѓевиќ Миревска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Сања Пецевски** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Фросина Ристовска** | **Предметен наставник** |
| **Програма 1** | **Виолета Силјановска** | **Одд. наставник** |

| | | |
|---|---|---|
| **Програма 2** | **Снежана Величковска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Гордана Ѓорѓиевска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Елизабета Темелковска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 2** | **Валентина Јовановска** | **Психолог** |
| **Програма 2** | **Калина Пуловска** | **Педагог** |
| **Програма 2** | **Ленче Славковска** | **Библиотекар** |
| **Програма 10** | **Александра Спасеска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Анета Пешевска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Дијана Николовска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Елена Мисајловска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Марија Депиновска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 10** | **Снежана Поп Алексова Боболеска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 10** | **Соња Николова** | **Одд. наставник** |
| **Програма 12** | **Донка Николовска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 14** | **Лилјана Стефановска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 14** | **Марија Ивановова** | **Одд. наставник** |
| **Програма 22** | **Дејан Боневски** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Катерина Марковска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Оливера Филиповска** | **Одд. наставник** |
| **Програма 22** | **Соња Златевска** | **Предметен натавник** |
| **Програма 22** | **Соња Ајдаревиќ** | **Предметен натавник** |
| **Програма 29** | **Маја Станковска** | **Предметен наставник/Ментор** |
| **Програма 29** | **Светлана Петровска** | **Директор/одд.наставник** |

| Листа на понудени програми (обуки)<br>(подетални информации може да најдете во Каталогот) |
|---|
| ПРОГРАМА 1 (НАСТАВНИЦИ): Учење на далечина: интернет-апликации и платформи за учење |
| ПРОГРАМА 2 (НАСТАВНИЦИ): Воспитание во современ контекст: развивање социо-емоционални вештини кај учениците |
| ПРОГРАМА 4 (НАСТАВНИЦИ): Мултикултурализам во еднојазични и повеќејазични училишта |
| ПРОГРАМА 5 (НАСТАВНИЦИ): Самоевалуација на квалитетот на образовниот процес на ниво на училиште |
| ПРОГРАМА 7 (НАСТАВНИЦИ): Родова еднаквост и родова сензитивност во училиште |
| ПРОГРАМА 10 (НАСТАВНИЦИ): Инклузија и пристапи во поучувањето на ученици со посебни образовни потреби/попреченост |
| ПРОГРАМА 12 (НАСТАВНИЦИ): Примена на иновативни интерактивни пристапи во наставата |
| ПРОГРАМА 13 (НАСТАВНИЦИ): Настава базирана на проблемски пристап |
| ПРОГРАМА 14 (НАСТАВНИЦИ): Учење преку истражување, работа на проект и решавање проблеми |
| ПРОГРАМА 15 (НАСТАВНИЦИ): Настава за развивање критичко мислење кај учениците |
| ПРОГРАМА 16 (НАСТАВНИЦИ): Настава насочена кон постигнување резултати од учење од повисоко ниво |
| ПРОГРАМА 17 (НАСТАВНИЦИ): Дизајнирање објективни тестови на знаење |
| ПРОГРАМА 20 (НАСТАВНИЦИ): Професионален развој и кариерно советување на учениците (менторирање, следење, пристапи за детекција на афинитети и интереси, мотивација и развој и слично) |
| ПРОГРАМА 22 (НАСТАВНИЦИ): Справување со врсничкото насилство и кибернасилство |
| ПРОГРАМА 23 (НАСТАВНИЦИ): Разрешување конфликти со ученици и меѓу учениците |
| ПРОГРАМА 24 (НАСТАВНИЦИ): Стратегии за менаџмент во училница - принципи и примери на добра практика за создавање позитивна работна атмосфера во училница и во онлајн/виртуелна училница |
| ПРОГРАМА 26 (НАСТАВНИЦИ): Стратегии, методи и техники за работа со надарени ученици |

| |
|---|
| ПРОГРАМА 29 (НАСТАВНИЦИ): Професионална соработка на наставниците (стручни активи, заедници за учење, менторство и сл.) |
| Листа на понудени програми<br>(подетални информации може да најдете во Каталогот) |
| ПРОГРАМА 1 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Професионална ориентација на учениците: зајакнување на учениците преку самоспознавање и советување за кариерен развој |
| ПРОГРАМА 2 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Развој на социјални вештини и самодоверба кај учениците, справување со проблематично однесување и создавање на позитивна социо-емоционална клима на час |
| ПРОГРАМА 3 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Соработка помеѓу семејство и училиште во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и слично |
| ПРОГРАМА 4 (СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ): Инклузивно образование во пракса |

**Вклученост на семејствата во училиштето**

Во текот на учебната 2022 / 23 год. родителите согласно динамиката и програмата беа активно вклучени во активно вклучен во животот, работата и активностите во училиштето.

*** Во процесот на учењето** беа вклучени преку Советот на родители групни и индивидуални средби со наставниците, стручната служба и е- дневникот. Со сето ова им беше дадена можност да бидат навремено информирани и да делуваат по прашањето на успехот и поведението на своите деца. Беа реализирани презентации, панел дискусии на актуелни теми во делот на психосоцијална поддршка на деца и возрасни во услови на кризни (лични и општествени) состојби. Редовни средби со училишниот психолог со цел детектирање, процесирање и надминување на поттешкотиите од различни сфери на училишното функционирање согласно динамиката и потребите на учениците, родителите и наставниот кадар.

**Комуникација со јавноста и промоција на училиштето**

Улогата на комуникацијата со јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

**Медиуми**

Училиштето  печати флаери и брошури, а преку училишната веб-страна ќе се промовираат сите активности во училиштето. Ќе продолжи промовирањето на училишните активности и постигнувањата на учениците преку електронските и печатени медиуми.

| Планирана програмска Активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на објавување | Очекувани исходи и Ефекти |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Објавување на материјал (текст и слики) во списанијата: Наш свет, Другарче, Развигор и Весникот/портал на општина Гази Баба | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето<br>Транспарентно<br>Информирање за работата на Училиштето |
| Македонска телевизија во емисијата „Ѕвон" и утрински Програми | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | |
| Промовирање на постигањата на веб  страна на училиштето | Во текот на годината | Одговорни наставници и ученици | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | |

**Годишен извештај од  работа на училишниот одбор во учебната 2022 / 23 годин**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор кој своите надлежностите ги врши во согласност со Деловодникот за работа.

Училишниот одбор е составен од 7 члена: тројца претставници од наставниците, тројца претставници од родителите на учениците и еден претставник од основачот. Претседател и заменик претседател на училишен одбор се родители.

Ги разгледава извештаите за работата на училиштето-разгледување на квартални ,полугодишен и годишен извештај , извештаии за реализирани екскурзии. Одлука за формирање на стручен тим за подготовка на Програмата за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Донесување на годишен план за расходи и финансов план за јавни набавки, овластување на лице за следење на договори и фактури, одлука за исплата на финансиски средства за учество на вработените на обуки семинари, работилници и конференции во земјата и во странство, и за учество на наставниците на натпревари. Донесе одллука за попис и висина за благајнички максимум, одлука за надомест на финансиски средства за ученици за натпревари .Донесување на одлука за исплата на финансиски средства по договор на дело за едно лице хигиеничар. Одлука за набавка на маици за натпревари на учениците од училиште. Верификација на нови членови од редот на наставниците поради завршен мандат на претходните наставници. Разгледување и усвојување на Извештај од пописна комисија, финансов извештај за годишни сметки. Одлука за бесплатно користење на Спортската сала за манифестации и натпревари од јавен и општ интерес. Одлука за исплата на финансиски средства за лице кое ги води јавните набавки. Донесување одлука за награда на првенец на генерација. Формирање на комисија за СЕУ за период од 2022-2024, Давање предлог мислење за добиена согласност за вработување на определено време-старо финансирање за едно лице социолог и еден одделенски наставник., замена за отсутен наставник –боледување. Давање на предлог мислење по разгледување на молби по даден оглас. Процедура за безбедност во училиштата. Тековни информации

Претседател на Училишен одбор: Горан Готиќ

**Годишен извештај од работата на Советот на родители во учебната 2022 /23 година**

Родителите се интегрален дел на училиштето, тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во релизацијата на годишната програма.

Во текот на учебната 2022/23 год Советот на родители составен од 22 претставници. Во текот на првото полугодие за оваа година Советот согласно програмата се пристапи кон конституирање на Совет на родителите, Избор на претседател на Совет на родители( Наташа Стојмиров), План за рационализација на потрошувачката на електрична енергија, реализација на продолжен престој, информации и учество во избор на топол оброк и ужина со формирање на комиси се запознааа сончин на изведување на наставата се дискутираше за начинот на оценување и унапредување на знаењата, Формирање на комисија за избор на туристичка агенција за реализација ескурзии и излети. Го разгледуваа извештајот за успехот и поведението на учениците како и се информираа за сите тековни активности во училиштето. Избор на членови во Комисија за фотографирање/алманах за учениците, Избор на членови во Комисија за избор на Првенец на генерација 2023; Формирање на Комисија за прослава на полуматурантите; Предлози за избор на членови во Комисија за Самоевалуација на училиштето 2022/2024 год; Патронен празник на училиштето- активности

Добива и разговара за тековноите известувања -Известување за меѓународно тестирање на учениците од 4то одделение ТИМСС, тековни проекти и апликации -Еразмо+, МИО- Градиме мостови... Отворете ги прозорците-инклузивно образование. Го разгледува извештајот за реализација на екскурзии. Даваа предлози и мислења кои подоцна се рефлектираа како успешна соработка и интегрирање на родителите со цел на подобрување на условите за настава и грижа за безбедност и здравјето на учениците. Со голем ентузијастички дух за активно учество во подобрување на условите и подршка за подобрување на квалитетна настава и напредок на учениците, даваа предлози за активности. Мерки за безбедност за учениците, како и заштита од влијанието на социјални мрежи и стручно предавање и презентација од страна на психологот Валентина Јовановска. Барања за потребите на учениците- дефектолог со полно работно време и наставник за трета паралелка –дневен престој за учениците.

Претседател на Совет на родители: Наташа Стојмиров

**Годишен извештај од работата на Наставничкиот совет во учебната 2022 / 23 година**

Наставничкиот совет го сочинуваат одделенските и предметните наставници и стручните соработници на училиштето. Наставничкиот совет го свикува и со него претседава директорот. Наставничкиот совет во текот на оваа учебна година совесно и одговорно учествува во организацијата на воспитно-образовната работа.

- Усвојување на Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022 /2023 година;
- Донесување одлука за изработка на распоред на часови;
- Информации за донесување одлука за колеги кои дополнуваат часови;
- Распределба на одделенски наставници и раководства;
- Извештај за календарот за организација и работа во учебната 2022 / 2023 година;
- Почитување на Куќниот ред и изрекување на педагошки мерки;
- Мислење од Наставнички совет за менторство;
- Потврдување на успехот и поведението на крајот од првото тромесечие, првото тримесечие, трето тромесечие ;
- Утврдување на полугодишен успех и поведение на учениците;
- Утврдување на задолженијата на наставниците за реализација на наставните предмети и вонnаставните активности;
- Разгледување и усвојување на извештаи, анализи, информации и сл.
- Договор за родителски средби и начин на реализација на средбите, како и советувања и информирање
- Грижа и подршка за реализација на наставата;
- Наставничкиот совет се погрижи за реализирање на програмата за работа за стручно усовршување на наставно-воспитниот кадар.;
- Информација за реализација на престојните екскурзии;

- Избор на нови членови во училишен одбор од редот на наставниците;
- Формирање на тимови за изработка на Самоевалуација на училиштето за учебната 2022/23 и 2023/24 учебна година;
- Договор за патрониот празник на училиштето и формирање тим за протокол;
- Напомена до сите,бидејќи почесто се јавува запушување на цевките за одвод беше нагласено да се внимава на еколошките навики и фрлање на отпадоци во соодветно означено место. На одделенските наставници им се кажа да им одржат работници и активности на учениците со кои ќе им се подобрат хигиенските навики.
- Формирање комисии за првенец на генерација,комисија за запишување на првачиња и ученици со надмината возраст, Формирање на комисија за прием и расход на учебници; како и формирање на комисии и тимови; определување одговорни лица;
- Насоки до наставниците за тековно за ажурирање на Професионалното досие,навремено доставување на сите извештаи;
- Насоки и мерки во врска со дојавите за бомби како да постапуваме,по добивање на маил да се известат сите и безбедно да се спроведат учениците надвор, доколку нема ништо сомнително да се заклучат училниците.Се организираше и онлајн настава за продолжување на часовите.
- Почитување на процедура за безбедност во училиштето според насоките на МОН; процедурата и насоките од МОН за безбедноста на учениците во училиштето.Беа нагласени одговорностите на дежурните наставници,класните раководители,обезбедувањето и технички персонал и на сите вработени.
- Насоки од МОН за спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и кадарот во училиштата и ученичките домови.Целта на овие активности е да се поттикне отворен разговор и обезбеди клима на поддршка во училиштата. Приоритетна цел на разговорите во училиште треба да биде смирување на несигурноста и враќање на довербата и чувството на безбедност во училиштето.
- Известување за добиен проект Инклузија на децата со ПОП,спроведуван од Отворете ги прозорците со подршка од Детската Фондација Песталоци, известување за апликација за грант од ОБСЕ,за проект„Градиме нови мостови“
- Извештаи за реализирани екскурзии и излети;
- Информирање за проектот за здрава храна кој ќе трае до месец октомври и за проектот„кучето и детето да бидат весели и безбедни пријатели“кој треба да се реализира на крајот од месец мај кај учениците од 1во до 5то одделение.
- Информирање за насоките од МОН за спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и кадарот во училиштата и ученичките домови;
- Прогласување Првенец на генерација согласно гласањето од наставничкиот совет и освоени поени од записник на комисијата за првенец;
- Разгледување на Полугодишниот и Годишен извештај на работата на училиштето;

- Наставничкиот совет во континуитет ги реалзира своите активности и задолженија согласно Годишната програма за работа на Наставничкиот совет .

**Годишен извештај од работата на Одделенскиот совет во учебната 2022 / 23 година**

Одделенскиот совет претставува колективен стручен орган чија основна стручна дејност е унапредување на воспитно-образовниот процес во паралелките. Во работата на одделенскиот совет освен одделенските раководители и предметните наставници земаат учество директорот и стручните соработници на училиштето.

Во текот на учебната 2022 / 23 година се реализираа четири редовни одделенски совети, а според потребите за успешна реализација на Воспитно-образовната дејност се реалзираа и повеќе состаноци на Одделенскиот совет. Во работата на одделенските совети посебно се обрна внимание на реализацијата на наставните планови и програми и на следењето на ефектите од реализацијата на целокупниот развој на учениците (емоционалниот, социјалниот и образовниот развој). Главни содржини кои се реализираа на состаноците на одделенските совети се:

Реализација на наставните програми;
Разгледување на успехот и поведението на учениците;
Подготовки за одржување на родителски средби;
Тековни активности и нивна реализација.

**Годишен извештај од работата на Стручен актив на одделенска настава во учебната 2022/2023 год.**

Стручниот актив работеше на планирање и изготвување на програма на воспитно-образовната работа, подготвување и реализација на стручно усовршување на наставникот, мерки за унапредување на работата, изработка на задачи од објективен аспект, следење и анализа на користените објективни постапки и инструменти како и мерење на постигнувањата и вреднувањето на учениците, пратење на иновациите, планирање на набавка на наставни средства и помагала со цел да се реализира современа и квалитетна настава. Подигање на совеста и свеста за чиста животна средина преку разни работилници.

| Активности и содржини | Носители на дејноста | Време на реализа ција |
|---|---|---|
| Конститутивен состанок<br>Изработка на програма на стручниот актив, Реализирање на потребни организациони подготовки за<br>почетокот на учебната година | Одделенски наставници | Август –<br>Септември |

| | | |
|---|---|---|
| Еколошки активности<br>- Изработка на рециклирана хартија со семе<br>- Управување со отпад | Актив на трето одделение одделенски наставници-Дијана Николовска, | Септември |
| Активности во согласност -Во здраво тело-здрав дух! Да растеме здрави и среќни! | Одделенски наставници и ученици | Октомври |
| Отворен час- воннаставна активност за<br>Ден на востанието на Македонија-11 Октомври | Актив второ одделение | Октомври |
| Приоди за Одбележување- отворена подготовка- Ден на Јаболкото, Здрава храна, | Одделенски наставници | Октомври |
| *Едукативна презентација тема -Народни носии. Зимски верски обичаи и Стара градба. | Трето , четврто и пето одделение | Ноември |
| *Техники за мотивација за љубов кон книгта<br>Театарот за деца и младинци. | Ленче Славковска | Ноември |
| *Презентација на тема Рециклирање на маслото за готвење организирана | Дијана Николова | Ноември |
| *размена на искуства од посетени<br>семинари, обуки и искуства од истите – БРО – ЕДУИНО | Одделенски наставници | Ноември |
| Информативно презентирање за проекти Еразмус | Маја Станковска | Декември |
| Тимска работа и координираност во<br>работата преку споделување и размена на<br>искуства | Одделенски наставници<br>Дневен престој | Декември |
| Состанок за досегашната работа<br>*Извештај за работата на Стручниот Актив во учебната 2022/2023 година | Стручниот Актив | Јануари |
| Отворени часови<br>*Целта на активностите е за животната средина е важно да се вклучат сите ученици со цел да се започне процесот на одговорност и свесност за животната средина.Одбележување ден на Пролетта и денот на Екологијата | Елена Мисајловска | март |
| Отворен час<br>Општество<br>Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот<br>(улица, возило, пешак, пешачки премин, тротоар, семафор)- | Марија Депиновска | Мај |

Одделенски наставник

Виолета Силјановска

**Годишен извештај од работата на  Стручен актив на природната група предмети за учебната 2022/2023 год.**

**1. <u>Одржан состанок на ден 16.08.2022 год.</u>**

- Извештај од сумативно оценување на првото полугодие и разменување искуства од реализацијата на програмите од Кембриџ
- разгледување на постигнатите резултати во првото полугодие
- консултации за тестови по блумова таксономија

**2. <u>Од одржаниот состанок   на ден 15.09.2022 на активот на природната група предмети и останатите наставници</u>**

Предавањето на тема Запознавање и примена на дигиталната алатка Canva  во наставата  беше одржано од наставничката по информатика Маја Станковска.

Акцентот на предавањето беше ставен на зголемување на дигиталнитев компентеции на наставниците и нивно оспособување за изработка на дигитални содржини и употерба на алатката во наставата која ќе го постигне интересот и мотивацијата кај учениците за учење.

**Целите на предавањето беа :**

- Запознавање со дигиталната алатка Canva и можностите кои ги нуди за изработка на дигитални содржини со интересен графички дизајн(презентации,работни листови,постер,лого,видео,презентација,весник,диплома,...)
- Споделување на  активностите со учениците идруги наставници

**3.  <u>13.10.2022г.</u>**

- Одржан нагледен час по предметот физика во IX одд. од предметниот наставник Валентина Коруноска
- **Тема** : 1А Вовед во физиката. Мерење
- **Наставна содржина :** Густина на телата
- **Цели на часот:**

- да ја опишуваат густината на телата;
- да ја објаснуваат густината на течностите и цврстите тела со пливањето на телата
- да ја определуваат густината на различни тела со различни мерни единици
- Разликуваат хомогени и нехомогени тела
- Ги користат мерните единици $kg/m^3$, $g/cm^3$

**Наставни методи:**  - метод на разговор и дијалог    -групна дискусија      -учење преку експеримент

**Наставни форми:**

-Фронтална

-работа во групи

-индивидуална

**Методи на формативно оценување:**

разговор со/ меѓу учениците
усна повратна информација
соработка во група
-ракување со апарати

**Наставна техника :**насочени прашања ,бура на идеи

**4. 4.11.2022**

Одржан нагледен час по предметот Географија од предметниот наставник Катарина Марковска во IX одделение.

- **Тема** : Природно-географски карактеристики на Азија
- **Наставна содржина :** Аерозагадувањето сериозен проблем на Азиските земји-ЕКО
- **Цели на часот:**
  - да ги опишува на географска карта просторите со најголемо аерозагадување;
  -да ги осознае причините за интензивното аерозагадување, особено во Кина и Индија и негативнитепоследици;

  -да се запознае со мерките кои се преземаат за намалување на аерозагадувањето

**Основни наставни методи:**

- Усно изразување
- Метод на разговор
- Демонстративен метод
- Метод на игра
- тест метод
- Метод на истражување
- Дијалошки
- Практична работа
- Проектна работа
- Аналитичко-синтетичка

**Форми:**

Индивидуална
Работа во групи
Заедничка
Во парови
фронтална

**Наставни техники:**

-Бура на идеи

**5. 27. 12. 2022**

Одржан нагледен час по предметот Математика од предметниот наставник Билјана Вељаноска во IX одделение.

- **Тема :1Д Работа со податоци и решавање проблеми**
- **Наставна содржина** : Статистички пресметувања
- **Цели на часот:**
  - Да прават статистички пресметувања и да одбираат статистика која е најмногу поврзана со проблемот.
  - Да избираат, цртаат и толкуваат дијаграми и графици, вклучувајќи: – дијаграми на фреквенции за дискретни и континуирани податоци; – линиски график за временски период; – дијаграми со точки за да се развие разбирање за корелација; – последователни стебло-лист дијаграми.
  - Да споредуваат две или повеќе распределби;
  - да донесуваат заклучоци, користејќи ја формата на распределба и соодветната статистика

**Наставни техники:**бура на идеи

**Наставни методи:**
-Усно изразување
-Метод на разговор
-Демонстративен метод
-Метод на истражување:
-Дијалошки
**Форми:**
-Индивидуална
-Во парови
-фронтална

**6. 27.01.2023**

Извештај од сумативно оценување на првото полугодие и разменување искуства од реализацијата на програмите од Кембриџ
-консултации за тестови по блумова таксономија
-разгледување на постигнатите резултати во првото полугодие
**7. 7.02.2023**

Одржан нагледен час по предметот Математика од предметниот наставник Маја Давидовска Бошевска во VIII одделение.

**Тема :** 2А Број и решавање проблеми
**Наставна содржина** : Проблемски задачи со проценти
**Цели на часот:**
- Да пресметува и решава проблеми поврзани со проценти и процентуално зголемување или намалување
-Ги идентификува математичките карактеристики во одреден контекст или

проблем; испробува и
споредува математички
прикази со користење
на прецизно бележење

-Изразува даден број како дропка или процент од друг број

-**Основни наставни методи:**

- Монолошки ( објаснување )
- дијалошки ( разговор)
- илустративно – демонстративен
- кооперативно учење
- метод на пишување
- усмено излагање
- практична работа
- истражување
- учење преку решавање на проблеми
- учење преку проект
- дискусија
- експериментирање

**Наставни форми**

- индивидуална форма
- фронтална форма
- работа во парови
- групна

**Наставни техники**:бура на идеи,демонстрирање,прашање наставник-ученик,меѓученичко оценување

**8. 30.03.2023**

Одржан нагледен час по предметот Хемија од предметниот наставник Даниела Кузманоска во VIII одделение

**Тема** : ХЕМИСКИ РЕАКЦИИ
**Наставна содржина:** Истражување на процесот на ’рѓосување
**Цели:**

- Да опишуваат хемиски реакции кои не се корисни, вклучувајќи ’рѓосување.
- Да користат различна опрема правилно.

**Наставни Форми** : работа во група,индивидуална
**Наставни методи**: усна презентација,метод на практична работа и демонстрирање

**9. 04.2023**

Одржан нагледен час по предметот Техничко образование од предметниот наставник Донка Николовска во VIII одделение.

**Тема :** Материјали, градба и конструирање

**Наставна содржина:** Од идеја до реализација
-модел на спортско возило-истражување-презентација

**Цели:**
- да го уредуваат и организираат работното место;
- да го читаат и анализираат техничкиот цртеж и упатството;
- да направат истражување за пособрување на спортското возило

**Основни наставни методи:**
- усно излагање;
- дискусија со учениците;
- изведба на проблемска задача
- функционалност

Точност, прецизност, дизајн

**Форми**

Индивидуална
По потреба групна

**Наставни техники**

Конструктивна
Бура на идеи

**<u>10. 17.05.2023</u>**

Одржан нагледен час по предметот Биологија од предметниот наставник Фросина Ристовска во VIII одделение.

**Тема:** 7.3 Живи
Суштества во нивната животнасредина
**Наставна единица:** Производство на фосилно гориво и необновливи
Извори на енергија ИКТ
**Цели:** -Да прават разлика помеѓу обновливи и необновливи извори на енергија и дискутираат за различни примери, вклучувајќи сончева енергија, биомаса и фосилни горива.
-Ги опишуваат односите помеѓу еколошките, социјалните и економскитесистеми, од локално до глобално ниво
**Методи:** метод на дискусија,набљудување,презентација,усно излагање
форма: фронтална,индивидуална, групна
техника: бура на
идеи,ПиО,истражување,прикажување на целите за часот,повторување на веќе ученото од темата

**<u>11. 9.06.2023</u>**

Анализа на работата на стучниот актив
Согледување на резултатите од работата на стручниот актив

**Претседател на стручен актив :**
**Билјана Вељаноска**

# Годишен извештај

## за реализација на програмата за учебната 2022/2023 год.

## Стручен актив на јазично-општествена група предмети

1. **<u>09.09.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Историја од предметниот наставник Јовица Николовски
- Тема: Француска буржоаска револуција
- Цел на часот: Учениците да ги сфатат причините за Францускатa буржоаска револуција, да се запознаат со француското општество пред револуцијата, да знаат за идеите на просветителите и да ги согледаат основните пораки и значењето на Декларацијата за правата на човекот и граѓаните
- Форми и методи: Монолошки, дијалошки, демонстративен метод, бура на идеи, ЗНС, фронтална , индивидуална форма

**2. <u>22.09.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по Етика од предметниот наставник Лилјана Стефановска
- Тема: Главни етички поими: добро – зло
- Цел на часот: да се запознаат со значењето на поимот морал и морално однесување; да се поттикнат на етички начин на мислење.
- Форми и методи: фронтална, групна и индивидуална работа, бура на идеи, дискусија, разговорна и аудио-визуелна работа.

**3. <u>09.12.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Англиски јазик од предметниот наставник Билјана Дрвошанова
- Тема: Обработка на вокабулар – држави и патување
- Цел на часот: усвојување на лексичките единици за држави и патување и нивна правилна примена
- Форми и методи: фронтален и индивидуален метод, бура на идеи, дискусија, презентација, визуелен метод, икт

**4. <u>20.12.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Англиски јазик од предметниот наставник Соња Ајдаревиќ
- Тема: Презентирање на Past simple tense – потврдна форма – правилни глаголи

- Цел на часот: Да образуваат мнато време, да го дефинираат правилото за образување минато време кај правилни глаголи
- Форми и методи: фронтална, работа во парови, индивидуално, кооперативен метод, комуникативен и аудиолингвален

**5. <u>30.01.2023</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Граѓанско образование од предметниот наставник Лилјана Стефановска
- Тема: Дискриминација, стереотипи и предрасуди-МИО содржина
- Цел на часот: учениците да ги препознаат стереотипите, предрасудите како форми на дискриминација, и да препознаваат дискриминација
- Форми и методи: фронтална, групна, дискусија, бура на идеи, квиз

**6. <u>февруари 2023</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Француски јазик од предметниот наставник Наталија Ѓорѓевиќ Миревска
- Тема: Пополнување прашалник поврзан со храна и пијалоци
- Цел на часот: ученикот да ги набројува зборовите за храна и пијалоци, да ги употребува зборовите за храна и пијалоци во соодветни реченици и контекст и да изразува мислење за тоа што обожава, сака, не сака и мрази
- Форми и методи: вербална метода, документациска метода, демонстративна метода, метод на работа со компјутерска технологија, работа во парови, работа во групи, фронтална, индивидуална

**7. <u>23.03.2023</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Македонски јазик од предметниот наставник Сања Пецевски
- Тема: Приближна бројност
- Цел на часот: ученикот да ги разликува бројните форми за лица со што ги проширува знаењата за броевите како видови зборови, да ги разликува броевите за приближна бројност
- Форми и методи: дијалошка, демонстративна, работа во парови, работа на текст, пишување, индивидуална, кооперативен метод, комуникативен и аудиолингвален

**8. <u>20.03.2023</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Англиски јазик од предметниот наставник Снежана Боболеска
- Тема: Обработка на вокабулар за диви животни (ИКТ)

- Цел на часот: ученикот  да усвои нови зборови поврзани со диви животни и да идентификува, именува и опишува видови на животни
- Форми и методи: фронтална , групна, индивидуална, демонстративна метода, кооперативно учење, работа на текст, структурална метода (TPR), аудио  - визуелна метода

**9. <u>25.05.2023</u>**

- Одржан нагледен час по предметот Македонски јазик од предметниот наставник Соња Златевска
- Тема: Пишување текстови за практична примена (молба, жалба, записник)
- Цел на часот: ученикот да разликува уметнички текстови од текстови за практична примена, да пишува текстови за практична примена, и да го употребува стандардниот македонски јазик
- Форми и методи: текст – метод, илустративно – демонстративен метод, метод на пишување, самостојна работа, фронтална и индивидуална форма

**Претседател на стручен актив:**
**Билјана Дрвошанова**

# Годишен извештај

## за реализација на програмата за учебната 2022/2023 год.

## СТРУЧЕН АКТИВ НА ВЕШТИНИ

(ликовно, музичко, физичко и здравствено образование и вештини на живеење)

**1. <u>Одржан состанок на ден 22.08.2022 год.</u>**

- Формирање на стручен актив
- Усвојување на програмата за работа на активот

**2. <u>22.09.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Дејан Боневски во IXа одделение
- Тема: Атлетика
- Наставна содржина: Увежбување на основна техника на штафетно трчање 4 X 50 метри ИКТ

- Цел на часот: да ја увежба техниката на штафетно трчање, да го увежба правилното поставување на рацете,трупот и примопредавање на палката, да ја подобри техниката на стартување и брзинската реакција на предавање на палката, да стекне знења за техниката на штафетно трчање  преку ИКТ
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма, паралелна форма и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање
- Нставни техники: Бура на идеи

3. **<u>10.10.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по по вештини за живеење од предметниот наставник  Сања Пецевски во VIIа одделение
- Тема: Исхрана
- Наставна содржина: Составување на рецепт за омиленото јадење
- Цел на часот: да знаат количински да измерат одредени продукти потребни за рецептот; користи рецепт за подготовка на јадење; подготвува омилено јадење;
- Наставни форми: индивидуална работа
- Наставни методи: метод на разговор, усно излагање, дискусија, презентирање, воочување.
- Нставни техники: бура на идеи

4. **<u>20.10.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по ликовно образование од предметниот наставник Никола Наневски во IXа одделение
- Тема: Дизајн и визуелни комуникации
- Наставна содржина: Видови на декорации (розета, вињета, фриз...)
- Цел на часот: Учениците да се оспособат да: препознава видови на декорации, објаснува карактеристики на декорации, ја разбира улогата на декорацијата во секојдневниот живот и дискутира за тоа, одбира кој вид на декорација ќе ја реализира, креативно се изразува во избраната техника
- Наставни форми: фронтална форма, индивидуална, тимска работа
- Наставни методи: дискусија, усно излагање, практична работа
- Нставни техники: галерија; бура на идеи

5. **<u>14.11.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Александра Војнеска Зикова во VIб одделение
- Тема: Кошарка

- Наставна содржина: Совладување на основна техника на  водење на топка во место
- Цел на часот: да се совлада правилното водење на топката, да се совлада водењето на топка во различни позиции, да се совлада високото и ниското водење на топката,да се совлада правилното поставување на дланката, да се совлада правилното движење на раката
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма, паралелна форма и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање

**6. <u>09.12.2022 год.</u>**

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Моника Гаврилоска во IIа одделение
- Тема: Спортувам и играм
- Наставна содржина: Ритмички игри со и без реквизити (детски потскоци, мачкини потскоци, детски галоп чекор, обрач, јаже, топка)
- Цел на часот: изведува ритмички движења со телото во место и во движење со и без реквизити, разликува елементи кои се составен дел од игрите.
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма, паралелна форма и ндивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање

**7. <u>26.01.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Дејан Боневски во VIIIа одделение
- Тема: Гимнастика со ритмика
- Наставна содржина: Совладување на основна техника на стој на раце ИКТ
- Цел на часот: Да се запознаат со техниката на стој на раце преку ИКТ, да се совлада правилното поставување на телото при изведување на стој на раце, да се совлада правилното поставување на рацете и главата при изведување на стој на раце, да се совлада правилното поставување на нозете при изведување на стој на раце, да се совлада правилното движење на телото до позиција стој на раце.
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма, паралелна форма и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање

**8. <u>27.01.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по Музичко образование од предметниот наставник Весна Трајковска во VIIа одделение
- Тема: Слушање музика
- Наставна содржина: Усвојување на поим концерт- став преку „Зима” од циклусот „ Четири годишни времиња“- А.Вивалди - ИКТ- ЕКО
- Цел на часот: да разбира поим концерт како јавен настап и концерт како музичка композиција; да воочува градба на концертот; да дискутира за улогата на солистот и оркестарот во концертот; да изразува свое мислење за карактерот на слушаните дела.
- Наставни форми : индивидуална, фронтална;
- Наставни методи: демонстративна, дијалошка;
- Нставни техники: создавање приказна од зборови;

**9. <u>09.03.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по Ликовно образование од предметниот наставник Никола Наневски во IXа одделение
- Тема: Дизајн и визуелни комуникации
- Наставна содржина: Функционално и естетското во предметите за секојдневна употреба.
- Техника: комбинирана техника
- Мотив: „ идејно решение за накит“, реклама на производ, по избор
- Цел на часот: Учениците да се оспособат да: знаат дела од графичкиот и индустрискиот дизајн, дискутира за единството на функционалното и естетското во предметите за секојдневна употреба, создава дизајн на предмет кои е функционален и естетски квалитетен, креативно се изразува на зададениот мотив
- Наставни форми : фронтална, и индивидуална форма
- Наставни методи: дискусија, усно излагање, практична работа
- Нставни техники: галерија, естетска анализа

**10. <u>07.04.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по физичко и здравствено образование од предметниот наставник Александра Војнеска Зикова во VIб одделение
- Тема: Танци
- Наставна содржина: Увежбување на македонско народно оро “Пајдушко

- Цел на часот: Да се увежба техниката на македонско народно оро „Пајдушко“, да се увежба правилното поставување на телото, да се увежба правилното поставување на рацете, да се увежба правилното поставување на нозете при македонско народно оро „Пајдушко“
- Наставни форми : фронтална форма, групна форма, паралелна форма и индивидуална форма на работа
- Наставни методи: метод на вербална комуникација, метод на демонстрација и метод на практично вежбање

**11. <u>10.05.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по Ликовно образование од предметниот наставник Марија Николоска Наневска во VIIIб одделение
- Тема: Сликање
- Наставна содржина: Колористичка композиција
- Техника: темпера
- Мотив: апстрактна композиција,
- Цел на часот: Учениците да се оспособат да: создаваат слика во која користи повеќе ликовни елементи и принци кои ги комбинира според сопственит идеи и желби, да знаат што е апстрактна композиција, да знаат што е композиција, да создаваат слика со техника темпера и креативно да се изразуваат со користење на моделација, да создаваат тонски вредности на различни бои
- Наставни форми : фронтална, и индивидуална форма
- Наставни методи: дискусија, усно излагање, практична работа
- Нставни техники: галерија, естетска анализа

**12. <u>17.05.2023 год.</u>**

- Одржан нагледен час по Музичко образование од предметниот наставник Весна Трајковска во IXб одделение
- Тема: Слушање музика
- Наставна содржина: Усвојување карактеристики на жанрот Rock and roll и ПОП музика

- Цел на часот: употребува поими поврзани со жанровите Rock and roll и ПОП музика; слуша и разликува фрагменти од Rock and roll и ПОП музика
- Наставни форми : фронтална, индивидуална.
- Наставни методи: дијалошка;текст метода;демонстративна;метод на усно излагање
- Нставни техники: ЗСН (знам, сакам да знам, научив)

**Претседател на стручен актив: Дејан Боневски**

**Годишен извештај од работата на Директорот во учебната 2022 / 23 година**

Работа на директорот е насочена кон обезбедување услови за најефикасно давање на воспитно-образовни, научно-истражувачки, едукативни, развојни и информатички услуги; обезбедување услови на организција, кои ги задоволуваат барањата на оние државни органи кои ја контролираат нејзината работа (МОН, БРО, Државен просветен инспекторат, општински подрачен инспектор, Училишниот одбор и др.); обезбедување континуирано користење информатичкиот систем кој ќе овозможи ползување на достигањата кај другите, но и нудење на своите достигања во науката, воспитанието, образованието, образовната технологија; делување како авторитет кој компетентно и одговорно ги води организацијата, раководењето, мотивирањето и контрола над работата. Органзирање на севкупната работа на училиштето во организација и реализација на воспитно - образовната и стручната работа и во обезбедувањето на најоптимални услови за нормално изведување на наставата согласно законот и правилниците. Поставените цели и задачи ги остварува во согласност со законските нормативи и Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2022 / 2023 година која е појдовна основа за успешна реализација на планирањата за оваа учебна година.
Во овој период директорт на училиштето ги извршуваше следните активности:

СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Анализа на материјално – техничка состојба во училиштето | Организирање на административно – техничкиот персонал | август |
| Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето | Идеи, анализа и заклучоци | август |
| Распределба на задолженија околу техничките и други подготовки за успешен почеток на учебната година | Организирање и распределба на задолженија | август |
| Распределба на часови, класни раководства и одд.раководители | Планирање и реализирање | август |
| Распределба на ученици во прво одделение во 2 паралелки | Планирање и реализирање | август |
| Прием на првачиња – подготовка и организирање на свечен прием | Планирање, организирање и реализирање | септември |
| Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација | Укажување и реализирање | контуинирано |
| Советодавна – консултативна работа со наставниците, родителите, учениците | Советување, информирање и реализирање | континуирано |
| Следење на редовната настава и вонтаставните ученички активности | Следење, укажување и реализирање | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Организација и учество во одбележување на празници и други настани | Идеи, организирање и реализирање | континуирано |
| Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење на училиштето. | Увид, анализа, организирање, почитување на законски акти | континуирано |

АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците | Анализа и реализирање | континуирано |
| Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво, второ тримесечие, трето тромесечие и крај на година | Анализа и заклучоци | ноември јануари<br>април, јуни |
| Учество во изготвување на извештаи потребни за училиштето, БРО, општината, МОН, ДПИ | Насочување, информирање,следење | континуирано |
| Изготвување и поднесување Полугодишниот извештај на училиштето во првото полугодие<br>Годишен извештај на училишѓето | Изготвување, анализа, информирање | Јануари<br>јуни |
| Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи | Планирање, собирање податоци, советување, анализа | континуирано |
| Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес | Информирање, следење | континуирано |

ПЕДАГОШКА – ИНСТРУКТИВНА РАБОТА

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Увид во водењето на педагошката евиденција и документација<br>- дневни подготовки<br>- е-дневник<br>- матична книга | Проверување, информирање | октомври,ноември, декември, јануари |
| Увид во реализација на наставниот план и програма | Следење, проверување, | ноември декември<br>април јуни |
| Увид во работата на стручните органи | Следење, советување, информирање | континуирано |
| Увид во часовите по дополнителна, додатна и воннаставните активности | Следење , информирање | континуирано |
| Посета на часови и водење евиденција за истите | Следење, повратна информација | ноември, декември<br>април јуни |

| | | |
|---|---|---|
| Организирање на учество на семинари за стручно усовршување на наставниците | Планирање, организирање, реализирање | Септември, јануари, јуни |
| Преземање на проектни активности | Организирање, соработка, реализирање | континуирано |
| Планирање и набавување на нагледни средства | Планирање, набавка, реализирање | Јуни, август, март, декември, јануари |
| Поттикнување на наставниците за организирање нагледни часови и взаемно посетување на истите од страна на наставниците | Поттикнување, советување, реализирање | октомври, ноември,март, мај |

ПЕРМАНЕНТНО,СТРУЧНО, ПЕДАГОШКО – ПСИХОЛОШКО УСОВРШУВАЊЕ

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Следење и помош при стручно усовршување на наставниот кадар | следење,организирање | континуирано |
| Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература | Набавка Следење, проверување, организирање | континуирано |
| Продолжување на менторства за наставници – приправници | Информирање | Септември, јануари |

РАБОТА СО СТРУЧНИ ОРГАНИ И ТЕЛА ВО УЧИЛИШТЕТО

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Планирање и програмирање на работата на Одделенските и Наставничкиот совет и реализација на програмските цели | Планирање , организирање, реализирање | септември, ноември, јануари, март, април, мај, јуни |
| Подготовка и раководење со седниците | Информирање, реализирање | континуирано |
| Јавност и транспарентност во работењето | Информирање | континуирано |
| Учество во работата на Органот на управување | разговори, информирање | август, септември, октомври, ноември, јануари, април, јуни |
| Соработка со Советот на родители | разговори, информирање | август, октомври,ноември, јануари, април, мај, јуни |

СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИТЕ И НИВНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Непосредно учество во работата на состаноците на ученичките организации | Планирање , информирање,организирање, реализирање | октомври, ноември,декември,март, мај, |
| Насочување и давање помош во организирање на културно-забавниот живот на учениците | Соработка, организирање, реализирање | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| Координирање и насочување на активности со одделни категории ученици | Соработка, организирање, реализирање | континуирано |
| Организирање активности за одржување и уредување на блиската околина | разговори, реализирање | континуирано |
| Соработка со локалната средина | Информирање | континуирано |
| Организирање на училишни натпревари: општински, регионални државни | Координирање | континуирано |

СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ НА УЧЕНИЦИ

| Активности | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| Учество на родители во реализација на активности во училиштето | Информирање,организирање, реализирање | континуирано |
| Навремено запознавање на родителите со оперативната регулатива, како и куќниот ред и казните | Соработка, информирање, реализирање | континуирано |
| Редовно информирање на родителите за сите важни прашања од животот и работата на училиштето непосредно и посредно преку одд.раководители | Информирање | континуирано |

СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА

| | | |
|---|---|---|
| Информирање на локалната самоуправа за потребите на училиштето и обезбедување подршка | Соработка, информирање, реализирање | континуирано |
| Соработка со локалната заедница при справување со кризни ситуации што ги засегаат училиштето и локалната заедница ( непогоди, епидемии, насилство и слично) | Соработка, информирање,координирање | декември, февруари, март, мај |
| Презентирање на работата на училиштето и промовирање преку постигањата на учениците и наставниците<br>Заедничка реализација на превентивни, хуманитарни и културни активности со локалната заедница<br>Соработка со граѓанскиот сектор и активно вклучување на вработените и учениците во проекти од интерес на заедницата и на училиштето<br>и со соодветни невладини здруженија за заштина и поддршка на младите, Соработка со други училишта | Соработка, информирање, реализирање | континуирано |

| Комуникација и односи со јавност | Начин на реализација | Време на реализација |
|---|---|---|
| - Формирање тимови за односи со јавноста<br>- Користење на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација<br>- позитивен модел на комуникациски вештини со вработените, конструктивно насочување на дискусиите за време на состаноците<br>- Планирање на состаноците и навремено информирање на учесниците<br>- Градење стратегија за одржување на угледот на училиштето Следење на осипувањето и градење стратегија за негово намалување во училиштето | Координирање, соработка, комуницирање непосредно во писмена и во електронска форма, Користење на различни видови и приоди во формална и неформална комуникација<br>-позитивен модел на комуникациски вештини со вработените<br>информирање, реализирање | континуирано |
| **Професионален и кариерен развој**<br>- Анализирање на ефективноста на сопственото работење и изготвување личен план за професионален развој<br>- Воспоставување систем за интерно стручно усовршување на вработените (предавања, работилници) Користење на инструменти за евалуација на работата | Анализирање, планирање, реализација<br>Соработка, организирање, реализирање | Јануари, Јуни, Август |
| **Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање**<br>- Спроведување интервју со потенцијални кандидати за вработувањеОбезбедување стручен и компетентен кадар<br>- Континуирано следење на работата на сите вработени и обезбедување соодветна подршка<br>- Препознавање и наградување на индивидуални постигнувања | Анализирање, следење, реализирање<br>Соработка, организирање, реализирање | Август, јануари, |
| **Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот**<br>- протокол за грижа на сите во училиштето за физичката средина, изглед, хигиена и слично<br>- протокол за безбедно опкружување и заштита на учениците од насилство и злоупотреба<br>- Формирање инклузивни тимови за учениците<br>- Активности за запознавање со културите на заедниците<br>- услови за вклучување на учениците во животот на училиштето и непречена работа на ученичките организации | Набавка на средства за хигиена, следење, работилници, разговори, протоколи за работа<br>информирање, задолжување, реализација, следење<br>Соработка, организирање, реализирање | континуирано |

***Директор,  Светлана Петровска***

**Годишен извештај од работата на Педагогот  во учебната 2022/2023 год.**

Педагогот своите работни задачи ги реализира согласно Годишна програма за работа на педагогот и Годишната програма за работа на училиштето. Стручната работа на педагогот е целосно испланирана по подрачја  и по месеци и се реализира преку педагошко-инструктивна, информативна и советодавна работа со наставниците, учениците и родителите, како и аналитичко-истражувачка работа.

Во текот на учебната година  педагогот работеше и реализираше активности по програмските подрачја:

• Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа;
• Непосредно следење на воспитно-образовната работа;
• Аналитичко истражувачка работа;
• Советодавно консултативна работа со ученици, родители и наставници;
• Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар;
• Водење на педагошка евиденција и документација;
• Соработка со локалната и поширокатa заедница;

Во планирање, програмирање и организирање на воспитно образовната работа во училиштето, педагогот учествуваше во:

- учество во изработката на Годишната програма за работа на училиштето,
- подготовка програма за сопствената работа,
- поддршка на наставниците во работата со учениците
- подготовка на инструменти за следење на планирање на наставата и воспитно-образовната дејност од страна на наставниците (годишните, тематските, дневните и друг вид планирања)
- Учествува во следењето на воспитно образовната работа на училиштето и во соработката со наставниците се залага за решавање на голем дел од проблемите поврзани со успехот, поведението и редовноста на учениците.
- разговори, консултации, советувања, и давање помош на наставниците за подобрување на состојбата, унапредување и усовршување на наставата и другата воспитно-образовна дејност;
- Следење на непосредната реализација на наставата, преку посета на наставни часови, примена на современи форми и методи, застапеноста и користењето на современите наставни средства и други технички помагала.
- Во доменот на педагошко – инструктивната работа беа посетени часови на наставници за што се изготвени и протоколи. Од увидот во дневните подготовки сознанијата се дека одговорноста и уредноста кај наставниот кадар задоволува.
- евиденција на планираните и реализираните посети на наставните часови
- учество во работата на стручните органи и стручните активи во училиштето.
- Информирање на наставниците од прво одделение за одредени специфичности кај учениците,

- запишување и распоредување на новодојдени ученици и нивно следење во однос на прилагодувањето и проблеми на кои наидуваат при промена на средината, на прилагоденоста на новодојдените ученици.
- Учество во препознавање и идентификување на ученици со потешкотии во учењето, емоционални проблеми, проблеми во однесувањето и адаптација во средината, ученици со посебни образовни потреби со инклузивниот тим.
- Откривање и испитување на причините за манифестирани потешкотии на поедини ученици кои доведуваат до намалување на интересот за наставниот процес,
- Следење на процесот на преминот од одделенска во предметна настава.
- Советување на ученици со несоодветно однесување, кои нередовно посетуваат настава и ученици со намален успех или негативни оценки.
- следење на оценувањето на учениците , грижа за здравјето на учениците и сл.
- следење на работата на слободните ученички активности,
- Водење на педагошки картон за наставниците и Професионално досие.
- Уредно и навремено се изработени анализите на успехот и поведението на учениците во првото тромесечие и подготовка на Полугодишниот извештај и истите беа презентирани пред Наставничкиот колегиум, Советот на родители и Училишниот одбор. Анализите на успехот на учениците се по класификациони периоди-тромесечие и успех во прво полугодие по пол , предмети, паралелки, одделенија, етничка припадност.
- Подготврни се прегледи за ученици со потешкотии во учењето и со слаби оценки, со неоправдани изостаноци, неоценети ученици и др.
- изготвуваше прегледи за барани податоци, анализи, извештаи и статистички прегледи за потребите на училиштето и по барање од МОН, БРО, Општина , Завод за статистика и други институции поврзани со нашата дејност,
- реализирани се анализи на состојби во училиштето во функција на унапредување на воспитно-образовниот процес.
- Континуирани советодавно-консултативни разговори со родители на учениците за најразновидни проблеми и прашања, индивидуални разговори и работа со ученици и соработка со наставници за прашања и проблеми поврзани со наставата, учениците и слично.
- Следење на редовноста на учениците и подготовка перегледи за изостаноци на учениците по паралелки, одделенија и по пол.
- Учествуво во активности во училиштето што се одвиваа во рамките на Проектите: Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем . Учество во активности од Проектот Мегуетничка интеграција во образованието „Градиме мостови" кој се реализира во текот на учебна година во наставата и преку воннаставните активности, посета на менторски средби и др. Учество во проектот Намалување на насилството во соработка со наставниците и други стручни соработници - преку одржување работилници и други активности кои се имплементираат во училиштето.
- Педагогот активно учествува во личниот професионален развој преку учество и следење на семинари, обуки, работилници и други активности од БРОМ, МОН, разни институции, здруженија, како и редовно учество на стручните состаноци на Здружението на педагози на град Скопје„Современ педагог".
- Подршка на работата на Ученичкиот парламент, подршка во органиизрање на културни настани, екскурзии, хуманитарни акции.
- Континуирано пружа помош и подршка на наставниците во водењето на педагошката евиденција и документација.

- Во работата на педагогот значајна е и соработката со различни образовни, здравствени, социјални, научни, културни и други институции: СОС- детско село, Црвен крст на општина Гази Баба, со основните училишта од локалната средина и средните училишта, Општина Гази Баба соработка со воспитно - образовни институции надвор од училиштето (МОН, БРО, ДИЦ, ЗМЗ, ЦСР на општина Гази Баба, Институт за Педагогија,ЈЗУ „ Амбуланта – Ченто“, и др.

- Програмата за работа на училишниот педагог се реализира во соработка со директорот на училиштето, стручните соработници( социологот, психологот и мобилниот дефектолог), наставниците, родителите, БРО, Просветен инспекторат, претставници на образовни, здравствени и др. институции надвор од училиштето.

- Педагошката евиденција и документација за својата работа ја води редовно и уредно. Сите активности во рамки на работните задачи на педагогот во училиштето придонесуваат за успешна реализација воспитно-образовната работа во училиштето за квалитетен и успешен образовен процес: учениците, наставниците и родителите.

Педагог,Калина Пуловска

**Годишен извештај од работата на Социологот во учебната 2022/23 год.**

Социологот главно работи со ученици во правец на нивна социјализација, дружење и развивање позитивни вредности кај нив. Тој ги следи , идентификува и работи со ученици кои имаат проблеми со приспособувањето и прифаќањето на средината и правилно користење на слободното време и приспособување на нормите на однесување. Социологот на учениците им помага во меѓусебната интеракција , поточно им помага да водат успешна комуникација меѓу себе , како и комуникација меѓу ученикот и наставникот. За таа цел социологот во рамките на своите активности организира стручни советувања на теми кои се релевантни на нивниот развој , организира општествени активности на учениците во училиштето и надвор од него, работи на подобрување на односите меѓу учениците од различни ентитети и маргинилизарни групи, работи на зајакнување на соработката меѓу учениците и слични активности.

Социологот на училиштето како дел од стручната служба својата програма ја реализираше преку :

• Учество во напредувањето и усовршувањето на организацијата, планирањето и програмирањето на работата на училиштето во целина а особено на подрачјата во кои доминираа социолошките категории.

• Следење, анализирање и истражување на карактеристични педагошки појави кои резултираа од социолошки причини преку нивно расветлување надминување или ублажување , како социјализацијата на учениците особено на учениците од првите одделенија, нарушено поведение и непочитување на правилата на однесување како во училиштето така и надвор од него , слабиот успех на учениците како последица од социо-економската положба на учениците, следење на соработката на релација ученик- наставник - родител, тековни активности и др.

Во текот на првото полугодие од учебната 2022/ 2023 година континуирано ја следев проблематиката која што се однесува на редовноста на учениците, на слаби и проблематични ученици, на запишување и распоредување на новодојдени ученици и нивно следење во однос на прилагодувањето и проблеми на кои наидуваат при промена на средината, следење на подрачјето Грижа за здравјето на учениците, работата на Училишната заедница, планирање и реализација на вонnаставните активности и сл .

Во делот на планираните активности во почетокот на учебната година особено внимание посветував на следењето на прилагодувањето на учениците од првите одделенија односно на нивната социјализација.. Во текот на септември и октомври исто така бев ангажирана и при прифаќање и разговори со новодојдени ученици и ученици кои се испишуваа и преминуваа во други училишта.

Во текот на првото полугодие продолжија интензивните активности околу проектот „ Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем „ односно Еко – проектот. Во тој дел во соработка со сите наставници испланиравме Еко содржини ( точки на акција ) во рамките на Еко стандардите, кои станаа составен дел на годишните планирања на наставниците. Активностите од Еко проектот продолжија во секој дел од планираните активности како со учениците членови на Еко одборот така и со останатите членови и кординаторот на проектот, Билјана Вељановска, предметен наставник по математика.

Соработката со невладини организации и други институции исто така е од големо значење за подобрување на условите за учење и квалитетот на наставата. Овде би ја истакнала успешната соработка со МОН, БРО, СОС „ Детско село „ преку организирање на дополнителни активности за одредена категорија на ученици ( тешка материјална состојба, ученици кои живеат со старатели и слична ранлива категорија на ученици), со Црвен крст на Општина Гази Баба преку организирање на едукативни работилници и хуманитарни акции, соработката со локалната самоуправа, Центарот за социјални работи и многу други организации и институции.Координатор во проектот МИО„Градиме нови мостови“,подготовка на апликација.Проектот го доби нашето училиште заедно со партнерските училишта ООУ„25 Мај“ и ООУ„Дане Крапчев“.Проектот ќе се реализира во период од јуни 2023 до мај 2024 година.Проектот е од големо значење,бидејќи има за цел да ја зголеми меѓуетничката интеракција,разбирање и интеракција помеѓу децата и младите.Супервизор во проектот„Инклузија на деца со посебни образовни потреби,на интеркултурна размена во детското село Песталоци,каде што се работеше на неколку теми:интеркултурна комуникација,принци на детските права и анти-дискриминација,меѓусебно почитување,разбирање и толеранција помеѓу различните култури.

Социолог, Даниела Караташова

**Годишен извештај за работатата на психологот во учебната 2022 / 2023 година**

Примарна цел во работата на училишнит психолог е емоционалниот развој на учениците, поддршка и развој на нивните позитивни лични карактеристики.
Психологот ги препознава, идентификува и работи со учениците кои манифестираат емоционални поттешкотии, проблеми во однесувањето и во приспособување во социјалното опкружување. Препознава, идентификува и работи со надарени и талентирани ученици. За оптимален психосоцијален развој училишниот психолог организира работилници за поттикнување и развој на самодовербата, поттикнување и развој на одговорно однесување, справување со кризни ситуации.
Училишниот психолог има одговорност и сериозен предизвик да се грижи за менталното здравје на учениците во постојана соработка со родителите, наставниците, заедницата.

Во текот на првото полугодие психологот  работеше и реализираше активности по програмските подрачја:

1. Работа со ученици
- Поддршка на учениците во учењето;
- Поддршка и следење на личниот раст и развој на учениците;
- Професионална  кариерна поддршка на учениците;
2. Работа со наставници
- Поддршка на наставниците во планирање и реалзирање на воспитно образовната дејност и самоевалуација;
- Поддршка на наставниците за работа со учениците;
3. Работа со родители
- Индивидуални и групни советувања со родители и консултации;
- Вклучување на родителите во животот и работата  на учениците во училиште;
4. Соработка со заедницата
- Соработка со локалната заедница;
5. Професионален развој и соработка
- Поддршка во професионалниот развој и соработка во училиштето;
6. Аналитичко истражувачка работа
- Истражување на воспитно-образовната работа;
7. Училишна структура,  клима и организација
- Планирање и следење на воспитно образовната работа, педагошка евидеција и документација, евалуација;
- Училипна клима, безбедна средина и демократско учество.

Психологот ја реализираше законската обврска Советување на родители за учениците кои имаа повеќе од 10 неопрвдани изостаноци, 100 и повеќе оправдани, ученици со слаб успех и намален успех,  несоодветно однесување.
Во соработка со наставниците поддршка на учениците да работат според своите индивидуални потенцијали, креирање соодветна атмосфера за работа, ефективна комуникација со учениците и меѓу учениците во процесот на наставата и учењето.

Соработката со родителите опфаќа поддршка  на родителите во препознавање и разбирање на индивидуалните развојни карактеристики кај секој ученик, криза во однесувањето и учењето, поддршка во делот на надминување на психосоцијалните поттешкотии.

Соработката со заедницата е фокусиран на соработка со образовните, здравствените, социјалните, културните, научните инситуции со цел поквалитетно учење и развој на учениците.

Психологот особено има влијание и во поддршка на наставниците-приправници, запознавање и водење на вопситно образовниот процес; Психологот го следи ефектите и води документација за професионалниот развој на наставниците.

Психологот ја истражува и анализира климата во училиштето, го следи и анализира развојот на учениците, превзема мерки за подобрување на севкупниот развој на учениците.

Психологот креира превентивни програми за грижа за менталното и физичкото здравје на учениците, демократска партиципација на учениците во училиштето, обезбедување на психосоцијална и емоционална поддршка на сите што се вклучени во воспитно-образовниот процес.

Психолог, Валентина Јовановска

**Годишен извештај за работата на дефектологот во учебна 2022/2023 год.**

**Годишен извештај за работата на дефектологот во учебна 2022/2023год**

| р.бр | Реалиизирана активност | реализатор | време | извори-ресурси | постигнати цели |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработување на сопствена годишна програма за учебната 2022/23 година | Дефектолог | Јули 2022г | Информирање и прибирање на податоци потребни за изработка на годишната програма | Изработена годишна програма |
| 2. | *Координација за изработка на годишна програма за работа на инклузивен тим;<br>*Изработување на годишна програма за работа на инклузивен тим | Тим за инклузија | јули 2022г | Прибирање на релевантни податоци потребни за изработка на годишната програма за работа на инклузивен тим | Изработена годишна програма;<br><br>-подобрена инклузија |
| 3. | Подготвување на педагошка документација и евиденција | Дефектолог стручна служба,<br>Тим за инклузија,<br>Родители,<br>Наставници | Континуирано | -разговор<br>-прашалници<br>-опсервација | Изработен ИОП,<br>-следење на напредокот и постигнувањата на учениците со поп |
| 4. | Идентификување на ученици со попреченост | Дефектолог стручна служба,<br>Тим за инклузија | Мај<br>октомври | опсервација<br>-разговор, | -идентификување на ученици со ПОП |
| 5. | Адаптирање на нови ученици(Помош на учениците од прво одделение во адаптирање на училишната средина) | Дефектолог стручна служба,<br>Тим за инклузија | Континуирано | опсервација<br>-разговор | брзо прилагодување во училишната средина и полесна комуникација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Дефектолошка дијагностика на ученици со ПП(проценување на индивидуалните способности и потенцијали<br>- изработување на ИОП со примена на диференциран пристап) | Дефектолог | Континуирано | модели на ИОП<br>-аналитички листови<br>-стручна литература | -процена на индивидуалните потенцијал<br>-правилно дефинирање на целите за изработка на ИОП |
| 7. | Индивидуална работа со учениците со ПП и потешкотии во учењето(вежби за реедукација на психомоторика,<br>-вежби за говорно-јазична оспособеност (дислалија,дислексија, дизграфија)<br>-дискалкулија<br>-вежби за внимание и концентрација<br>-примена на целите содржани во ИОП,артикулационен тест<br>-диференциран пристап | Дефектолог | континуирано | -ИОП<br>-обрасци за следење на ученикот со пп и потешкотии во учењето | подобрување на психомоторните способности,<br>-подобар успех во усвојување на наставните содржини |
| 8. | Инструктивно-советодавна работа со наставниците на учениците со попреченост и потешкотии во учењето | Дефектолог стручна служба,<br>Тим за инклузија | континуирано | Стручна литература | Запознавање и примена на специфичните методи на работа со учениците со пп |
| 9. | Соработка со надлежните институции (МОН и БРО), Општина Гази Баба, | Дефектолог | континуирано | консултации<br>прирачници<br>брошури | размена на искуства |
| 10. | Учество во комисија за запишување на ученици во прво одделение | Директор стручна служба | јуни | Процедура за запишување на ученици Нагледен материјал | Евидентни листи<br>Список на запишани првачиња |
| 11. | Соработка со основните училишта од Општина Гази Баба и пошироко | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници | континуирано | Размена на сознанија и информации значајни за работата | Евиденција од соработка со локалната заедница |
| 12. | Учество на работилници,следење на обуки, семинари, вебинари | Стручни соработници | континуирано | Унапредување на воспитно-образовниот процес<br>Перманенто стручно усовршување | Сертификати<br>Извештаи<br>Покани |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | преку алатките Teams,ZOOM | | | | |
| 13. | Увид и анализа во среднорочниот ИОП | Стручни соработници Наставници | континуирано | среднорочниот ИОП, наставни листови,забелешки,тестови | Исходи од среднорочни планирања |
| 14. | Континуирано следење на адаптацијата, социјализацијата, напредокот и постигањата на учениците со ПОП | Психолог Педагог Наставници | континуирано | Евидентни листи за следење на развојот на ученикот Евидентни листи за постигањата Индивидуални образовни планови | Ревизија на Долгорочните и среднорочните планирања-увид во постигањата на ученикот Евиденција од посета на часови и остварени консултации |
| 15. | Давање поддршка и инструкции на родителите на учениците со ПОП за работа во домашни услови | Родители Наставници | континуирано | Прирачници за работа со ученици со ПОП | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |
| 16. | Упатување на родителите до соодветни институции за решавање на одредени проблеми | Стручни соработници Родители | континуирано | Павилници за рабта Процедури Пружање на навремена и соодветна помош за надминување на проблемот | Евиденција од советодавна и инструктивна работа со родители |
| 17. | Соработка со ресурсен центар | Дефектолог ПОУ со ресурсен центар ,,Иднина ,, | континуирано | Акциски план,консултации,состаноци,обуки , побарување и обезбедување асистенти | Успешна соработка ,обезбедени асистенти |
| 18. | Соработка со образовни асистенти | Тимови за инклузија Образовни асистенти | континуирано | Консултации,насоки,записници,заеднички активности | Успешна соработка со образовни асистенти и членови на инклузивни тимови |

Изготвил - Дефектологот Марија Костовска

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА ПРИ**

**ООУ „НАУМ НАУМОВСКИ БОРЧЕ“ - СКОПЈЕ учебна 2022/2023**

Во текот на учебната 2022/2023 год. беа реализирани активности,задачи и содржини кои беа предвидени со годишната програма на библиотеката за оваа учебна год.

1. Воспитно – образовна работа со учениците;
2. Соработка со наставниците, стручните соработници и родителите;
3. Културна и јавна дејност;
4. Библиотечно – информативна и стручна работа;

Беа остварени поставените цели:

- Учениците се оспособуваа за самостојна работа, самообразование и се подготвуваа за перманентно образование;

-Учениците научија како самостојно да користат извори на знаења,да консултираат речници,енциклопедии, лексикони и друг информативен материјал;

-Развиваа култура на читање, творечките потенцијали, критички и самокритички однос ;

- Учениците се поттикнуваа за поактивно учество во културната и јавна дејност на училиштето и општествената средина;

- Беше организирано планско и системско обезбедување на бесплатни учебници и обнова на книжниот фонд(нови лектирни изданија од II-IX одд );

- Континуирано и системски беше водена пропишаната евиденција, документација и заштита на библиотечниот материјал;

- Редовно беше остварувана соработка со наставниците,стручните соработници и родителите како и другите училишни библиотеки на ниво на град Скопје.

| **Време на реализација** | **Реализирани задачи и активности** |
|---|---|
| **АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ** | -Уредување на библиотеката<br>-Изложба на мудри мисли и креации со книги за почеток на учебната година<br><br>-Реализација на акцијата со бесплатните учебници од МОН<br><br>-**01.09.2022**-Одбележување на **,,Свечениот прием на првачиња“** со учество на библиотекарската секција со цел да се запознаат првачињата со среќни,успешни и радосни мигови во училиштето што го зачекориле и натамошно градење на вистинските вредности во него.<br><br>**26.09.2022-**Одбележување на **,,Европскиот ден на јазиците“** со учество на библиотекарската секција со активности што го поттикнуваат значењето на учењето јазици,промовирање на толеранција и соживот,развивање социјална инклузија во училиштето. |
| **ОКТОМВРИ** | -**07.10.2022-** Одбележување на **,,Свечениот прием на првачињата во Детската организација“** со учество на библиотекарската секција со цел да се почитува личноста на детето и важноста на неговото образование.<br><br>**28.10.2022**-Одбележување на денови на **медиумска писменост** во кино ,,Милениум“ на тема,,Хакер“(психолошки игран филм) со членови од библиотекарската секција со цел да се влијае врз развојот на креативни,критички и културни знаења,вештини и идни компетенции кај децата,зајакнување на мотивацијата за учење. |
| **НОЕМВРИ** | -Посета на библиотеката од првачињата и нивно зачленување во училишната библиотека(правила.насоки за користење на литературата)<br><br>**07.11.2022**-Организирана претстава на библиотекарската секција наменета за сите ученици по повод ,,Месецот на книгата“ на тема,,**Книгата што никогаш не беше иста**“ од авторот Билјана Црвенковска со цел учениците да ја согледаат пораката дека треба многу да читаат,бидејќи книгата им нуди бескрајно царство на знаења, мудрости, радости, шеги и чуда... |

| | |
|---|---|
| | **15.11.2022** –Одбележување на Свечениот настан по повод **,,Месецот на книгата“**на тема**,,Книгата е алатка за магично патување во светот“** со цел учениците да ја засакаат книгата,да се буди постојано интересот за пишаниот збор,да се поттикнува и негува читачката култура<br>-Промовирање на наградените ликовни и литературни творби на конкурсот**,,Книгата е алатка за магично патување во светот“** |
| **ДЕКЕМВРИ** | -Изготвување на полугодишен извештај<br>-**Најдобри читатели**( за поттикнување на читачката култура ка учениците,на училишното радио беа промовирани истакнати читатели за првото полугодие). |
| **ЈАНУАРИ- ФЕВРУАРИ** | -Посета на учениците на училишната библиотека, разговор за задачите на библиотеката и библиотекарската секција<br><br>-Активности со учениците од библиотекарската секција(заштита на оштетените книги).<br>**21.02.2023-**Одбележување на денот на **,,Меѓународниот мајчин јазик“** со настан за почитување на мајчиниот јазик,промовирање на лингвистичката разновидност и повеќејазичност низ светот.За таа цел учениците од библиотекарската секција промовираа литературно читање со свои лични творби и цитати од познати автори,драматизации со цел да се согледа значењето за правилна употреба на литературниот јазик.На настанот присуствуваше и дел од проектот,,Во светот на Биби“каде можеа и присутните првачиња интегрирано да промовираат дел од својата писменост. |
| **МАРТ** | -Литературно творење по повод празникот на мајките**,,8 Март“**<br>**31.03.2023-**Одбележување на патрониот празник на училиштето.Библиотекарската секција учествуваше со ревија на тема**,,Писменоста секогаш треба да биде во мода“**со цел да испрати моќни пораки до сите ученици колку е важна писменоста во нивниот натамошен живот и колку е неопходно да се негува литературниот јазик. |
| **АПРИЛ** | **20.04.2023-**Учество на учениците од библиотекарската секција на **XXII Општински натпревар** во градската ЈУ,,Браќа Миладиновци“-Скопје<br>**23.04.2023**-Одбележување на **,,Светскиот ден на книгата“**промовирање за важноста на книгата |
| **МАЈ** | Пополнување на формуларот за порачка на учебници 2023/24 год<br>**-Најдобри читатели**(за поттикнување на читачката култура кај учениците) за крајот на учебната година. |
| **ЈУНИ** | -Реализирана работилница на тема**,,На крајот на учебната година“**(промовирање и наградување на активностите на членовите на библиотекарската секција)<br>--Спроведување на акцијата со учебниците од МОН, примопредавање со комисија за учебници<br>-Пополнување на формуларот(Образец бр.3) за враќање на учебници 2022/23 год |

Библиотекар

Ленче Славковска

## Самоевалвација на училиштето

Според законската обврска ООУ„Наум наумовски Борче“ реализира самоевалуација секоја втора година. Последната самоевалуација на работата на училиштето е завршена во јули 2022 година и се однесува на учебната 2020/21 и 2021/22 година. Приоритетни подрачја кои произлегуваат од самоевалуацијата по подрачја се следните:

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Изготвување план и стратегија за поголема вклученост на учениците во покренување на иницијативи за измени и дополнување на наставните планови и програми;
- Изготвување план и стратегија за поголемо вклучување на учениците во изготвување на програмите за воннаставни активности;
- Организирање на воннаставни активности со училишта на друг наставен јазик и опфаќање на поголем број на ученици;
- Континуирана набавка на нагледни средства и обновување на компјутерската технологија.

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Потреба од целодневна настава;
- Поради зголемување на бројот на деца со посебни образовни потреби, училиштето има потреба од образовни асистенти и специјални едукатори.

## Подрачје 3: Учење и настава

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Континуирано одржување на постоечката компјутерска опрема во училниците и навремена замена на неисправната опрема со нова;
- ❖ Оспособување на постоечката компјутерска опрема;
- ❖ Доопремување на училиштето со нагледни средства и помагала
- ❖ Одделенските раководители да ги запознаваат и информираат родителите во врска со правилникот за оценување на почетокот на секоја учебна година.

## Подрачје 4: Подршка на учениците

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Реконструкција на оградата во училишниот двор во целост.
- ❖ Дополнително уредување на училишниот двор
- ❖ Подобрување на хигиената во училиштето, тоалетите и училишниот двор
- ❖ Одредување на протокол за одржување на хигиената во училниците, ходниците и училишниот двор.
- ❖ Зголемување на безбедноста на учениците, вработените во училиштето и родителите, загрозени од возилата што влегуваат и излегуваат од училишниот паркинг.
- ❖ Реконструкција на паркинг местата
- ❖ Обезбедување стази за колички, лифт, држачи,посебен тоалет за ученици со телесна попреченост во развојот.

## Подачје 5: Училишна клима

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ❖ Интензивирање на соработката на членовите на ученичкиот парламент во решавањето проблеми што се од нивен интерес во воспитно-образовниот процес
- ❖ Училиштето да изгради мотивационен систем за наградување на учениците и наставниците-ментори кои постигнале успех на натпревари и други манифестации.(награда за патување, енциклопедија, пригоден подарок и сл.)
- ❖ Целосна транспарентност и професионална соработка на наставниот кадар

## Подрачје 6: Ресурси

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- ➢ Подобрување на условите за реализација на наставата и вонаставните активности, особено во делот на високите температури во летниот период и задржување на топлотна енергија во зимскиот период со инсталирање на термофасадна изолација.

- Потреба од набавување на современа стручна литература за учениците со посебни образовни потреби и асистивна технологија.
- Потреба од изградба во училишниот двор да се изгради атлетска патека, тениско игралиште, ботаничка градина како и сензорна соба за учениците со ИОП.
- Изработка на проект и изградба на лифт и проширување на просторните капацитети со дополнителни опремени кабинети/училници
- Согласно новините во Законот за основно образование потребно е одвојување на финанински средства за реализација на активности во делот на меѓуетничката интеграција и ѓраѓанска вклученост како и за реализација на активности предвидени во програмата на Ученичката заедица.

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

**Приоритетни подрачја ( идни активности)**

- Поголемо вклучување на  Советот на родители и ученичкиот парламент во креирањето на училишните политики
- Поголема транспарентност на работата на  училишниот одбор.

**Тим кој учествувал во изработката на Годишниот извештај**

- **Директор  Светлана Петровска**
- **Стручни соработници**
- **Одделенски и предметни наставници**

**30.06.2023 г.** **Директор**

**Општина Гази Баба , Скопје**

----------------------------------------

***Светлана Петровска***